„ЕСЕНСКА БУРА“ | ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ДАНСКА | АВИОН „TU-22 BLINDER“ | ЕЛИМИНИРАЊЕ НА НЕУСПЕХОТ

# ШТИТ

Број 110
Декември 2018
50 денари
ISSN 1857-6710
9 771857 671002

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**



# Воениот комитет на НАТО во посета на Република Македонија



# Одбележан 13 Ноември – Денот на ослободувањето на Скопје

Со повеќе културни, хуманитарни, еколошки, спортски и други активности, Скопје ја одбележа 74-годишнината од ослободувањето. Во ослободувањето на главниот град учествуваа единиците на: 12.бригада, 3.бригада, 8.бригада на 42. дивизија, 50. дивизија, како и 16.бригада.Во знак на почит кон загинатите 398 борци за ослободувањето на Скопје и 10-тина стрелани граѓани пред Камениот мост, повеќе делегации положија свежо цвеќе на Партизанските гробишта, на споменикот на генерал Михаило Апостолски на градските гробишта „Бутел“ и пред Споменикот на ослободителите на Скопје.
Чинот на чествувањето на Денот на ослободувањето беше посебно достоинствено осмислен пред Споменикот на ослободителите во непосредна близина на Владата, каде што присуствуваа повеќе пратеници, министри, преживеани соборци на ослободителите, претставници на АРМ, претставници на дипломатскиот кор, на политички партии, резервни офицери, здруженија на граѓани, ученици од гимназијата „Јосип Броз Тито“, од СУГС „Лазар Танев“ и други. Со положување свежо цвеќе, почит кон ослободителите изразија повеќе делегации, меѓу кои, делегации на: Градот Скопје, Градскиот одбор на СЗБ од НОАВМ, Кабинетот на Претседателот на Р. Македонија, Владата на Р. Македонија, Собранието на Р. Македонија, АРМ, Организацијата на резервните офицери на Р.Македонија, дипломатскиот кор, повеќе здруженија на граѓани и други.
„Во периодот меѓу двете светски војни израснаа генерации со чиста, непоколеблива, македонска национална свест. Тие беа веќе наполно свесни



за својата национална посебност. Кај нив тоа чувство беше здраво созреано, и токму затоа беше изградена свеста дека ослободувањето треба да се изврши со сопствени сили. Напредните македонски сили го дочекаа почетокот на Втората светска војна наполно свесни дека се влегува во решавачка битка за ослободувањето на Македонија“, истакна, меѓу другото, претседателот на ГО на СЗБ од НОАВМ на Скопје, д-р Трајко Стаматоски во своето обраќање.
„Денот на ослободувањето на Скопје има посебно место во срцата на секој од нас. Денес со гордост се сеќаваме и го славиме нашето богато и славно минато, но и ја потврдуваме нашата антифашистичка припадност. Така, и овој 13 Ноември вреди да се потсетиме колку тешко и скапо ни е платена слободата. Значајно е да се потсетиме дека додека многу градови низ Европа ги ослободуваа странски војски, Скопје го ослободија нашите партизани. Иако беа далеку помалку опремени од окупаторот, послабо вооружени, тие успеаја да го победат, затоа што го бранеа својот град, својот дом, а има ли нешто посвето отколку да го жртвуваш животот за својот дом“, нагласи градоначалникот Шилегов.

Живко Трајановски







# содржина

ШТИТ година X број 110 декември 2018


Инфо
**Министерката Шекеринска меѓу војниците на АРМ во Авганистан** 5

На прва линија
**Прва посета на Воениот комитет на НАТО на Р. Македонија** 6

24 часа
**Промоција на офицерска сабја за почести** 8

24 часа
**„Есенска Бура“** 12

Нато армии
**Вооружените сили на Данска** 15

Едукација
**„REGEX 19“** 24

Едукација
**Елиминирање на неуспехот** 26

Вооружување
**Американски оклопен транспортер „М113“** 32

Вооружување
**Падобранска пушка - „ФГ-42“** 34

Вооружување
**WOLF - Израелско лесно оклопно возило на тркала 4x4** 38

Глобал
**Меѓународна и регионална активност на Р.Македонија во борбата против современите безбедносни закани** 42

Глобал
**Сајбер-тероризмот и енергетската безбедност** 46

Филм
**„Баталјон“** 56

Убавините на Македонија
**Тиквешкото Езеро – омилено место за риболов и излет** 58

# Во нагорна линија

За да се остварат стратешките цели за развој и прогрес на една институција, меѓу другото, потребно е и да се има реална материјална основа за достигнување на сето она што е зацртано и определено во плановите. Во контекст на одбраната, тоа значеше зголемување на буџетот за да може да се достигнат стандардите. За жал, во изминатите децении, наместо да се зголемува буџетот за одбраната, тој стагнираше, што доведе до една незавидна и загрижувачка состојба во однос на стандардот и модернизацијата на нашата армија. Минатата година за прв пат буџетот за одбраната беше зголемен и тој континуирано расте и во проекциите за наредниот период.
Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, на прес-конференција го образложи буџетот за одбраната за 2019, кој по десетгодишниот пад, втора година по ред е во нагорна линија, и оваа година изнесува 135 милиони евра.
Таа истакна дека буџетот за одбраната е развоен и реформски, со намена за подобрувањето на опремата, на условите за работа на припадниците на АРМ, а е и во поддршка на остварувањето на стратешката цел на Република Македонија – членството во НАТО. „Нема поголема гаранција за безбедносниот и економскиот просперитет на РепубликаМакедонија од членството во НАТО и затоа членството во НАТО е еден од силните фокуси на Владата на РМ. Тоа е во исто време и најдобра и најголема гаранција за зајакната опремена и силна армија, што е наша цел како Влада и моја цел како министерка за одбрана. Затоа ми причинува задоволство што Владата со навистина широк консензус ја поддржа определбата, пристапувањето кон НАТО, заедно со растот на екомонијата и социјалната сигурност на граѓаните на РМ, да биде еден од трите столбови во чија функција ќе биде фискалната политика за 2019 година" – изјави министерката на прес-конференцијата. Таа воедно истакна дека една од поголемите категории во буџетот е ставката за стоки и услуги, односно 30 милиони евра за набавка на униформи што е во тек, но ќе се исплаќа од следниот буџет, делот од испораките на чизми, храна, резервни делови, за обуки и школувања за припадниците на АРМ. Поголем раст на средствата е предвиден и во делот на капиталните расходи за опремување и модернизација на Армијата, каде после долги години нивното одржување на ниво од 10 проценти од одбранбениот буџет, ќе изнесуваат 15 проценти, со што ќе започне процесот на модернизација на Армијата. За три пати е зголемена и ставката за реконструкција на објектите на АРМ и подобрување на условите за сместување и работа. Со дел од овие средства ќе се подготви и еден објект во касарната во Куманово, каде од 2020 година ќе биде сместена Командата на СИБРИГ.
Сето ова е уште еден доказ дека земјата се движи во вистинска насока и дека сè што е проектирано за АРМ и МО за наредниот период оди во прилог на реално остварување на сите зацртани планови и стратешки цели на нашата држава.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Ксенија Митева
(лектор);
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)
Панде Димоска
(новинар)

Печати:
„ФЕНИКС ПРИНТ"
ДООЕЛ Кочани



„Орце Николов" 116
1000 Скопје, Република Македонија

Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.







# Министерката Шекеринска меѓу војниците на АРМ во Авганистан







Министерката за одбрана Радмила Шекеринска во Кабул се сретна со припадниците на македонскиот контингент кој е дел од Командата за обука, советување и асистенција (КОСА), како и со најстариот национален претставник на Република Македонија, полковникот Кенан Рахиќ. На средбата припадниците на македонскиот контингент ги презентираа пред министерката своите активности во Авганистан, а таа им се заблагодари за покажаниот професионализам и посветеноста на задачите, со што придонесуваат за побрзо зачленување на земјата во НАТО.Министерката во Кабул се сретна и со командантот на КОСА, бригадниот генерал Јашар Дилбер, а преку видеоконференциска врска разговараше и со командантот на Командата за обука, советување и асистенција – Север, германскиот бригаден генерал Герхард Ернст Петер Клафус. Министерката Шекеринска ги посети и македонските мировници кои се одговорни за безбедноста на Главната команда на оваа мисија, сместена во Кабул. „Вашите вештини, вашите способности и примерот кој досега го давале вашите колеги, а сега

> Министерката за одбрана Радмила Шекеринска беше во посета на припадниците на македонскиот контингент во мисијата на НАТО-алијансата „Одлучна поддршка“ во Кабул, Авганистан.Ова е прва посета на министер за одбрана на македонскиот контингент во Авганистан од 2013 година

и вие, е причината зошто толку години македонскиот контингент во главната команда е задолжен со оваа тешка и одговорна задача – безбедноста на командата“, им порача министерката Шекеринска на македонските мировници. Таа ги информираше дека земјата која ја напуштија пред неколку месеци се движи во вистинска насока, кон процесот на ратификација на протоколот за пристапување кон НАТО и ги чека сите здрави и живи да се вратат. Во командата на мисијата, Шекеринска имаше средби со командантот на „Одлучна поддршка“, американскиот генерал Остин Скот Милер и со највисокиот цивилен претставник на НАТО во Авганистан, Корнелиус Цимерман. „Македонија е посветена на воспоставувањето на демократските вредности на глобално ниво и затоа ние ќе продолжиме да ги поддржуваме напорите на НАТО за подобар живот на граѓаните на Авганистан“, рече министерката на средбата. Таа додаде дека зголемувањето на македонскиот контингент во „Одлучна поддршка“ за 20% оваа година е доказ за владината определба за придонес во поддршката на мирот. Генералот Милер истакна дека мировниците на АРМ се храбри, одлучни и професионални војници кои стојат рамо до рамо со сите сојузници. Министерката за одбрана Радмила Шекеринска посетата на македонскиот контингент во Авганистан ја заврши со неформална средба со припадниците на АРМ на аеродромот во Кабул, на која разговараа за условите во кои тие работат и живеат, за контактите со граѓаните на Авганистан и за определбата АРМ и НАТО да продолжат да ги поддржуваат демократијата, слободата и еднаквоста во Авганистан, сега како партнери, а наскоро и како сојузници.

Кристина Илиевска

# Прва посета на Воениот комитет на НАТО на Република Македонија



Ова е прва посета на највисокото воено тело на НАТО на Република Македонија, во формат на постојана сесија.
На отворањето на работната сесија на 6 ноември на која домаќин беше началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, свое обраќање имаа генерал-потполковник Стивен Шепро и министерката за одбрана Радмила Шекеринска.
Подготвеноста, идните планови, како и достигнувања на Република Македонија – на Армијата на Република Македонија за полноправно членство во Алијансата, беа во фокусот на посетата на воените претставници на 29-те земји-членки.
Во своето поздравно обраќање началникот на Генералштабот на АРМ, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, истакна дека Армијата на Република Македонија е одлучна и посветена кон исполнување на критериумите за членство во НАТО. „Работиме напорно, придонесувавме кон градење на светскиот мир и борбата против тероризмот и нашата заложба денес, а верувам и утре, ќе биде непроменета. Досега повеќе од 4000 припадници на АРМ беа дел од меѓународните мисии за поддршка на мирот и придонесот кон овие мисии останува наш најголем приоритет" – нагласи генерал-мајорот Ѓурчиновски.

Генерал-полковник Стивен Шепро ги поздрави реформите во одбраната и се заблагодари за силната и професионална поддршка на Армијата Република Македонија во мировните мисии, како и за придонесот на Република Македонија во меѓународната безбедност. „Ве охрабруваме да продолжите со овие реформи, а ние ќе продолжиме

Делегација на Воениот комитет на НАТО, предводена од заменик-претседавачот, генерал-полковник Стивен Шепро, во периодот од 6 до 7 ноември ја посети Република Македонија



**„Вашата стабилност и стабилноста на овој регион се важни за НАТО"**
***Генерал-потполковник Стивен Шепро***



тесно да соработуваме со вас во натамошниот развој на вашите одбранбени способности во согласност со стандардите на НАТО. Тоа ве прави побезбедни, посилни и поинтероперабилни со НАТО-сојузниците и партнерите" – порача генералот Шепро.

Во своето обраќање до постојаните воени претставници на Воениот комитет на НАТО, министерката рече дека оваа клучна активност на највисокото воено тело на НАТО, само по себе кажува дека интеграцијата на Македонија во Алијансата веќе добива свој облик и форма. Меѓу другото, министерката истакна дека Република Македонија станува дел од заедницата на напредни држави, а тоа веќе влијае позитивно на безбедноста, но и на економијата, на инвестициите и на квалитетот на живот.

За време на работната сесија воените претставници беа запознати со достигнатото ниво во реформите и развојот на способностите кои Армијата на Република Македонија ги реализира во согласност со Стратегискиот одбранбен преглед, со цел поефикасна професионалност и подготвеност за исполнување на условите за членство во Алијансата.

## Посета на Полкот за специјални операции

На 07.11. во касарната „Илинден“ пред воените претставници преку показните вежби беа претставени:

1. Динамички упад во зграда.
2. Обезбедување на висок воен раководител.
3. Уништување на импровизирана експлозивна направа.
4. Заседа.
5. Препад на објект и ослободување на заложник.

Припадниците на декларираните единици од Полкот за специјални операции, хеликоптерскиот детачмент, четата на Воената полиција и Инженерискиот вод го демонстрираа потребното ниво на интероперабилност и подготвеност на декларираните единици при евентуалното учество во мисиите предводени од НАТО.

Посетата на касарната „Илинден“ од страна на Воениот комитет на НАТО беше заокружена со тактичко-технички збор, каде беше изложена дел од опремата која ја користат припадниците на Полкот за специјални операции и Здружената оперативна команда.

Поддршката од Воениот комитет на НАТО во пристапниот процес е особено важна, од причина што Воениот комитет е највисоко и најстаро воено консултативно тело на НАТО. Комитетот е формиран само неколку месеци по формирањето на Алијансата, го сочинуваат началниците на генералштабовите на армиите на земјите-членки на НАТО. Притоа, примарната функција на Воениот комитет е советодавна за Северноатлантскиот совет и за Групата за нуклеарно планирање, а исто така им дава насоки на двете стратешки команди на НАТО, а тоа се командите за трансформација и операции. Третата функција на Комитетот е преведување на политичките одлуки и насоки од воен на дипломатски јазик. Меѓу другото, Комитетот има цел да развива стратешки политики и концепти, како и подготовки за годишните долгорочни процени на силата и способностите на земјите и регионите кои претстставуваат предизвик за интересите на Алијансата.

м-р Панде Димоска




**„Евроатлантската иднина на Македонија има големо геополитичко значење и важност и ќе служи како поттик за прогрес на другите земји-аспиранти“**

***Радмила Шекеринска***



# Промоција на офицерска сабја за почести

Оваа година Баталјонот за почести работно го одбележа 11 Ноември – Денот на единицата. Почнувајќи со церемонијата за промена на државните знамиња пред Владата на Р. Македонија, а продолжувајќи во вилата на претседателот на Р. Македонија, каде во склоп на истата церемонија свечено се промовираше првата македонска офицерска сабја за почести

По повод Денот на Баталјонот за почести, министерката за одбрана Радмила Шекеринска ги награди припадниците на единицата за вложениот труд, покажаните резултати и професионалниот однос во извршувањето на задачите. Наредбата за наградите беше прочитана на свечената церемонија на промена на државните знамиња пред Владата на Република Македонија, со која Баталјонот за почести го одбележа Денот на единицата, 11 Ноември. Свечената церемонија на замена на знамињата пред Владата на Република Македонија беше извршена во присуство на министерката за одбрана Радмила Шекеринска, која ги поздрави и им честиташе на гардистите на АРМ. Покрај церемониите за промена на државните знамиња пред Владата на Република Македонија и пред резиденцијата на претседателот на Република Македонија, припадниците на Баталјонот организираа повеќе настани како промоција на првата македонска офицерска сабја, промоција на книгата „Почесна гарда на АРМ“ од м-р Иван Атанасоски, крводарителна акција во ГОБ „8 Септември“, по втор пат се реализираа гардиски игри во касарна „Илинден“, а делегација од Баталјонот ја посети



Детската клиника во Клиничкиот центар каде што им посака побрзо оздравување на децата, им подари скромни подароци и им пренесе поздрави од сите гардисти. Денот на единицата оваа година се совпаѓа со 75-годишнината од формирањето на славната Прва македонско-косовска ударна бригада, чии традиции ги продолжува Баталјонот за почести. По овој повод припадниците на Баталјонот организираа повеќе настани, така што покрај промоцијата на првата македонска офицерска сабја за почести, која беше врачена од врховниот командант д-р Ѓорге Иванов на командантот на Баталјонот за почести, се реализираше крводарителна акција во ГОБ „8 Септември“, по втор пат се одржаа и гардиските игри во касарната „Илинден“, а делегација од гардистите се упати во Детската клиника при клиничкиот центар „Мајка Тереза“ за да им посакаат побрзо оздравување на дечињата и да поделат скромни подароци и поздрави од сите припадници на Баталјонот за почести.
Во текот на 2017 година, беше формирана работна група за изработка на македонска офицерска сабја за почести. Во изминатиот период во неколку наврати се појавуваше идејата за изработка на македонска сабја. Со формирањето на работната група, се отпочна со повеќемесечна анализа за можниот изглед и дизајн на сабјата. Беа направени консултации со претставници од повеќе соодветни институции како Воениот музеј при Министерството за одбрана, Музејот на Македонија, Музејот на македонската борба за самобитност и независност, Македонската православна црква – Охридска архиепископија, Исламската верска заедница, Хералдичкото друштво на Македонија, Македонска академија на науки и уметности, Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, потоа неколку приватни колекционери, постари ковачи и други.
По одобрувањето на првичната идеја за изгледот, симболиката и дизајнот на сабјата, беше одлучено честа за изработката на финалниот дизајн на сабјата да му се довери на реномираниот хералдички уметник Стојанче Величковски.
Во дизајнот на сабјата има украсен елемент од уникатниот македонски рубин, како и од реткиот минерал лорандит од наоѓалиштето во Алшар. Автор на првата македонска офицерска сабја за почести е командантот на Баталјонот за почести, потполковник Иван Атанасоски, а самата изработка уникатно ја креираше фирмата „ДИАГ“. Во рамки на свеченоста на претседателот на Р. Македонија, на министерката за одбрана и на началникот на Генералштабот им беа подарени првите три книги „Почесна гарда на АРМ“, посветена на сите припадници на почесната гарда, чиј автор е потполковникот м-р Иван Атанасоски.

Игор Милчев
Стојанче Величковски

## СИМБОЛИКА НА ПРВАТА МАКЕДОНСКА ОФИЦЕРСКА САБЈА ЗА ПОЧЕСТИ

Формата на штитникот на рачката е инспирирана од македонскиот даб (Quercus Macedonica) Транспарентните сегменти ја симболизираат подготвеноста и стремежот на граѓаните на Република Македонија да изградат модерна и транспарентна армија која ќе го штити суверенитетот и итегритетот на земјата. Опстојувањето и битисувањето на македонскиот народ низ вековните превирања на балканските простори најсеопфатно и најсуштински може да се прикаже преку симболиката што во себе ја содржи македонскиот даб: цврстина, храброст и истрајност.

Многу други земји во светот го користат дабот како симбол како што се Англија, Бугарија, Естонија, Франција, Германија, Романија, Молдавија, Латвија, Литванија, Полска, Велс, Галиција, Србија и САД но ниту една од наведените земји нема вид на даб којшто е во дирекна корелација со името на државата. Со аплицирање на македонскиот даб на церемонијалната сабја (симболот на војничката чест) се воспоставува силна визуелна врска со грбот на (врховниот командант) Претседателот на Република Македонија, на кој што е аплициран македонскиот даб како симбол.




ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ / ДИЗАЈН* ЗА ИЗРАБОТКА НА САБЈАТА





МАКЕДОНСКИ ДАБ (Quercus Macedonica)

**СИМБОЛ ВО ВИД НА СОНЦЕ**
Стизилиран приказ на знамето на Република Македонија украсен со македонски рубин.






АМБЛЕМ НА АРМ

**ДЕКОРАТИВЕН ОРНАМЕНТ ИНСПИРИРАН ОД АРТЕФАКТОТ ЗЛАТНА РАКАВИЦА**
(Горна Порта, Охрид 5 век П.Н.Е.)

Симболот на бесконечност е општоцивилизациски симбол што по својата форма во вид на преплет последователно се повторува образувајќи симбол на сонцето во внатрешниот дел.
Златната ракавица е симбол на сила, моќ, трпение и израз на врвна подготвеност.

**МОТО НА БАТАЛЈОНОТ ЗА ПОЧЕСТИ НА АРМ**
Мотото на единицата е изгравирано од двете страни на сечивото на македонски (ВЕЧНА СВЕТЛИНА) и на латински јазик (LUX AETERNA). Суштината на пораката содржана во мотото во целост се вклопува во визуелна симболика на сабја.

*Автор на дизајнот на првата офицерска сабја за почести Хералдички уметник Стојанче Величковски - Грботворец магистрант на Универзитетот за визуелни уметности





# Свечена заклетва на 36. генерација војници на доброволно служење во АРМ

Во ЦИО – Центарот за индивидуална обука кој е во склоп на КОД –Командата за обука и доктрини, во изминатите 13 години доброволно воен рок служеле над 5200 млади војници од цела Македонија. Свечено дадената заклетва на младите војници од името на ГШ на АРМ и од свое лично име, им ја честиташе генерал-мајорот Азим Нуредини, заменик на началникот на ГШ на АРМ. Тој во своето обраќање потенцираше дека да се биде дел од одбраната на нашата татковина е обврска на секој граѓанин. Но, доброволно да се пристапи кон одбраната, е чин достоен за пофалба и заслужува почит и внимание. „Војници, во наредниот период ќе поминете низ интензивна основна





На 9 ноември во кругот на касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес свечена заклетва дадоа 104 млади војници, меѓу кои 10 девојки од 36. генерација „октомври 2018“, кои се на доброволно служење во АРМ

воена обука. Вашите инструктори и командири ќе ве насочуваат за полесно да ги совладате предвидените содржини од планот за обука.
По успешно завршената обука и завршувањето на воениот рок, вам ви се отвораат вратите на АРМ за понатамошен професионален развој во воената струка како ваша идна животна определба“, посочи генерал-мајор Нуредини.
Тој им порача на младите војници дека со дадената заклетва тие го направиле првиот чекор.
„Како и многу ваши претходници, дел од вас ќе имаат можност за понатамошен професионален развој во воената струка и да ја одберат воената професија како животна определба. Вие сте базата на идните професионални војници во АРМ. За таа цел акумулирајте што е можно повеќе знаење во наредните три месеци. Тоа знаење и искуство може да биде од голема корист во вашата понатамошна војничка кариера“, им порача на војниците генерал-мајорот Нуредини.
На војниците свечено дадената заклетва им ја честиташе и им посака успешна воена обука и потполковник Мухамед Ибраими, новиот камандантот на ЦИО, Центарот за индивидуална обука, кој од 8 ноември ја презема оваа должност.
„Млади војници,пред вашите родители, роднини,пријатели и старешини, на свечен и достоинствен начин се заколнавте дека лојално,пожртвувано и доследно ќе ги извршувате обврските и должностите како бранители на слободата и независноста на својата татковина. Вие како млади војници во наредните три месеци при совладувањето на планираните содржини од обуката ќе се соочите со многубројни предизвици. За нивно успешно совладување вашите старешини максимално ќе се залагаат да ви ги пренесат потребните знаења и вештини. Целокупниот ваш труд, успех и ангажирање ќе бидат вреднувани, и тоа ќе биде еден од елементите за понатамошна селекција на оние кои сакаат да ја изберат својата идна професија како професионални војници и стерешини во редовите на АРМ“, потенцираше потполковник Ибраими.
Меѓу десетте припаднички на понежниот пол е и Ана Најдова-Личнова од Кавадарци, мажена во Неготино. Завршила за правен техничар, а работела во Фабриката за автомобилски делови во Кавадарци. Сега е невработена. Ана има и четиригодишна ќерка Мила, која беше на свеченоста со баба ѝ. Мила од радост цело време силно ја гушкаше и не ја пушташе од рака мајка си.
„Разделбата со ќерка ми ми беше тешка, но за да успеам и за мене и за неа морам да издржам и се надевам дека потоа ќе ни биде подобро на двете. Од почетокот војничките обврски ми беа тешки,но веќе се навикнав и ми стана навика и секојдневие“, појаснува Ана.
Свечена заклетва даде и 24-годишниот Музафер Пајазити од Скопје, кој потенцираше дека неговиот сон бил да служи во АРМ. „Тука во АРМ има ред и дисциплина и моја чест е да бидам во редовите на АРМ. Првите денови кога дојдов во касарната ми беше тешко, но веќе се навикнав на војничкиот живот. Се спријателив со многумина и сите сме исти, сите сме дојдени да успееме во нашиот план, во нашата идна професија како идни професионални војници и старешини во редовите на АРМ“, потенцира Пајазити.
„Штит“ на сите млади војници во ЦИО при КОД во Велес им посакува успешна обука и реализирање на сите нивни планови и за многу брзо време да станат составен дел од АРМ.

Антоанела Димитриевска



# „ЕСЕНСКА БУРА“

Во периодот од 7 до 14.11.2018 година на армискиот полигон „Криволак“ се одржа една од најкомплексните вежби во која синхронизирано учествуваа припадници од неколку институции од системот за безбедноста на Република Македонија. Припадниците на АРМ и на МВР, кои учествуваа на здружената вежба „Есенска бура 18“, демонстрираа координиран настап при справување со ситуации и постапки поврзани со кризниот менаџмент

Есенска бура“ е вежба која по многу елементи ispиша историја, вежба која ќе се памети како голем успех, вежба која го трасираше патот за нови достигнувања и соработки. За прв пат во поновата историја на нашата држава под раководство на Полкот за специјални операции се реализираше најкомплексната вежба во која учествуваа примарните институции задолжени за безбедноста на граѓаните на Република Македонија. Припадници од Полкот за специјални операции (Баталјонот за специјални намени и Ренџерскиот баталјон), од Здружената оперативна команда (единици од Воздухопловната бригада, од Баталјонот на Воената полиција и Првата механизирана пешадиска бригада), заедно со припадници на Министерството за внатрешни работи од Единицата за брзо распоредување, Единицата за специјални задачи и Хеликоптерската единица, со поддршка од Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, рамо до рамо се справуваа со поставените предизвици.

Главна цел на оваа вежба беше унапредување на интероперабилноста и





на кризниот менаџмент како одговор на модерните закани. Воедно со вежбата се вршеше тестирање на борбената готовност на единицата, на подготвеноста за експедициски мисии, кризниот менаџмент, но и интерагенциската, интеринституционалната и интерармиската соработка.
Во периодот од 7 до 14.11.2018 година околу 414 припадници од сите единици работеа како едно со цел да се справат со поставените предизвици како што се уништување на непријателски кампови, справување со нарушен јавен ред и мир, заложничка криза, подигање на бегалски камп итн. Големо задоволство беше да се видат воздухопловите на АРМ и на МВР како заедно ги решаваат задачите за воздушна поддршка на единиците на земја.
Кулминацијата на вежбата се случи на денот за високи гости кога учесниците на „Есенската бура“ пред министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, началникот на ГШ на АРМ, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски и други високи гости, директори и раководители на институциите од кризниот менаџмент и Министерството за внатрешни работи, генерали на АРМ, воени аташеи акредитирани во Република Македонија, претставници од ГШ на АРМ и МО, докажаа дека се подготвени да се справат со модерните безбедносни предизвици. На денот за високи гости, специјалните единици на АРМ и на МВР, со поддршка од хеликоптерските единици, Воената полиција, пешадиските единици, како и Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, го покажаа својот потенцијал за ефективно справување во разни кризни ситуации. Притоа беа прикажани вежби на упад во просторија, напад на терористички камп, изведување на препад, заседа, справување со нарушување на јавниот ред и мир при заложничка криза и други постапки.
Позитивните оцени и коментари за покажаното не изостанаа ни од највисоките гости. Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, упати честитки до сите коишто беа вклучени во реализација на вежбата, истакнувајќи дека денеска сите четири институции покажаа дека знаат што прават, знаат како да одат напред, знаат што треба дополнително да се направи и знаат дека Македонија со право од нив многу очекува. Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, истакна дека заедничкиот ангажман претставува одличен пример за квалитетна соработка, што генерално е одлика за односите меѓу нашите институции.
Началникот на Генералштабот на АРМ, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, упатувајќи честитки за прикажаното, посочи дека учесниците на вежбата покажаа како стручно и подготвено ги извршуваат тешките и сложени задачи и како имаат капацитет заедно и ефикасно да се справуваат со безбедносните предизвици. Притоа, тој истакна дека оваа вежба е одличен почеток на заедничките напори за постигнување на висок степен на обученост и во прв ред меѓусебна соработка.
Тимскиот дух, соработката и желбата за нови достигнувања, беа движечка сила на вежбата. „Заедно сме посилни“ е мотото кое ќе нè води кон нови заеднички успеси.

Златко Блажески





# „Регионален тим за заштита на животната средина“

Припадниците на министерствата за одбрана и армиите се должни континуирано да работат на подигнување на еколошката свест и да преземаат секојдневни мерки и активности за заштита на животната средина и природата, дома и за време на мисии надвор од својата земја, што истовремено е и законска обврска. Тоа ја наметнува потребата од што поскоро прифаќање и имплементирање на постоечките закони и останати регулативи во земјата-домаќин, како и на НАТО-документите (политики, доктрини, норми, стандарди, директиви, СОП, упатства, публикации и друго), при што од особена важност е учество и реализација на проекти кои овозможуваат добивање важни знаења и искуства од областа на одржливоста и заштитата на животната средина кои, пак, ќе помогнат во планирањето и развивањето на идните заеднички НАТО-објекти и кампови, со примена на современи технологии и ефикасни енергетски решенија за заштеда (енергија, вода, отпад и друго), а со цел намалување на нивното штетно влијание врз животната средина.

Во овие рамки во Република Македонија од 5 до 9 ноември се одржа работилница на НАТО „Регионален тим за заштита на животната средина“ на која учествуваа учесници кои работат во овој домен, од министерствата за одбрана и армиите на Република Македонија, Албанија, Хрватска, Романија, Црна Гора и Косово. Работилницата беше организирана од страна на Канцеларијата за соработка во одбраната на САД во Македонија во соработка со Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

На отворањето на работилницата во Домот на АРМ во Скопје успешна работа на учесниците им посакаа потполковникот Дејвид Бурбриџ, претставник на НАТО Врховната команда на здржените сили во Европа (SHAPE) и полковникот Ванчо Шонтевски, началник на Секцијата за цивилно-воена соработка во Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Цели на активноста беа стекнување и унапредување на знаењата и искуствата на припадниците на Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ, како и на претставниците од регионот во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина; запознавање со НАТО и со ЕУ регулативите во однос на прашањето на заштитата и унапредување на животната средина, како и придонес кон понатамошниот



развој и промоција на Армискиот полигон „Криволак“, како меѓународен полигон за обука и извежбување.

Предавачите беа од НАТО Врховната команда на здржените сили во Европа (SHAPE), од Европската команда на воените сили на САД, Вооружените сили на Белгија и од Инженерскиот центар на извонредност на НАТО, а на крајот учесниците добија сертификати за завршената обука на тема „Практики и процедури на НАТО за заштита на животната средина од страна на војската“. Со имплементација на знаењата стекнати на овој курс ќе се подобри управувањето со животната средина на полигоните за обука во текот на национални и меѓународни воени вежби, со што ќе се заштитат и националните ресурси на земјата-домаќин.

м-р Елизабета Ташковска



# Вооружените сили на Данска

**Копнената војска** на Данска, со 8.400 активен и 4.100 регрутен состав, се состои од:
- Оперативна команда на копнената војска;
1. механизирана пешадиска бригада (единица за брзо распоредување), во состав: 1 тенковски баталјон, 5 механизирани пешадиски баталјони; 1 самооден артилериски баталјон; 1 логистички баталјон; 1 инженерски баталјон; 1 баталјон на воена полиција;
2. механизирана пешадиска бригада (единица со понизок степен на борбена готовност); Кралска гарда; Гардиски коњанички полк - Gardehusarregimentet, составен од два оклопни и еден извидувачки баталјон; Оклопен полк; Артилериски полк; Инженерски полк; Логистички полк; Полк за врски; Полк за специјални операции; центри за АБХО, за електронско војување и полициски центар; Дански меѓународен логистички центар (DANILOG); Воена академија и воени школи.

Вооружување и опрема: тенкови „Leopard“, оклопни транспортери: „CV9035“, „M113“, „Piranha“ и „AG Eagle IV“ (извидувачко); повеќенаменско возило HMMWV, самоодна хаубица 155мм M109, минофрлачи 120мм и 60мм,

Вооружените сили на Данска се состојат од копнена војска, воено воздухопловство и поморски сили.



носачи на понтонирски мост „Leopard 1 Biber“, минопребарувачи: „Wisent 1“ и „Hydrema 910“, лесен преносен противоклопен ракетен фрлач 84мм „Carl Gustaf“ и други.

Во 2012 година Данска одлучила да ги замени застарените транспортери „M113“. Опции биле: „CV90 Armadilllo“, „ASCOD“, „G5“, „Piranha V“ и „VBCI“, а во 2015 година се одлучиле за „Piranha V“ 8 x 8. Испораката се очекува да заврши до 2023 година.

**Воздухопловните сили**, со 3.000 активен и 300 регрутен состав, се состојат од:
– воздухопловна команда, 3 воздухопловни вингови, винг за контрола на воздушниот простор и винг за борбена поддршка (за заштита на силите, медицинска поддршка, комуникации итн.).

Вооружување и опрема:
– авиони: борбени „F-16“, транспортни „Hercules C130J“ и „Challenger CL-604“; Замена на флотата „F-16“ со „F-35“ се планира во периодот од 2020 до 2024 година.
– хеликоптери: набљудувачки „AS550 C2 Fennec“, за тактички транспорт и за барање и спасување „EH-101 Merlin“, во поморските сили „Lynx“ (MK90B);
– радари: тактички „Lockheed Martin



TPS-77“, тактички 3D „RAC-3D“, стационарен „3D Selex RAT-31“ и „Marconi S-723“.

Трите воздухопловни вингови се распоредени во три воздухопловни бази и секој од нив има посебна намена: воздухопловни борбени операции, хеликоптерски операции и операции во врска со тактички воздушен транспорт. Сите тие, со свои делови, учествуваат во меѓународни операции.

**Данските поморски сили**, со 2.800 активен и 400 регрутен состав, се состојат од:

– данската флота во состав на командата „Admiral“, два центри за поморски надзор, група за посебни задачи, два оперативни ескадрони, морнаричка нуркачка група (SEALs), два оперативни центри за логистичка поддршка и морнарички центри за обука.

Вооружување и опрема: повеќенаменски фрегати, патролни бродови, бродови за заштита на околината, арктички патролни бродови и друго.

Поморските и воздухопловните сили тесно соработуваат во рамките на Заедничкиот координативен центар за спасување.

## Одбранбени прашања

Во согласност со стратешките документи, Данска смета дека ниедна соседна земја не ја загрозува нејзината територија. Тоа значи дека армијата мора да биде способна да се распоредува насекаде во светот, што бара современа опрема и висококвалитетна обука. Фокусот на данската армија е на меѓународните мисии.

Во моментов, данската армија учествува во повеќе операции надвор од државата:

– во рамките на НАТО: „Resolute Support“ во Авганистан и антипиратската операција „Ocean Shield“;

– во рамките на ОН: „MINUSMA“ во Мали, „UNTSO“ на Средниот Исток и „UNMISS“ во Јужен Судан.

## Регрутен состав

Во состав на данската армија се и одреден број регрути. Со регрутацијата Данска се осигурува дека нејзината армија има резервни сили во случај да постои потреба во итни случаи и за потребите на полицијата (за време на природни катастрофи или терористички напад). Тие се оспособуваат за користење огнено оружје, но имаат и обука за гаснење пожари, барање и спасување и прва помош. По завршувањето на задолжителната воена служба од 4 месеци, можат да аплицираат за вработување во активниот состав и се важен извор за пополнување на армијата.

*Планови 2018 – 2023 година*

Во планот за развој на ВС се дефинирани мерки за зајакнување на националната одбрана и подобрување на способностите на ВС. Во петгодишниот план, покрај другото, ќе се зајакнуваат и следните капацитети:

1. Зголемување и подобрување на способностите на воени формации кои би се распоределе на териториите на земјите-членки на НАТО. Воедно, ќе се зголемува и бројот на единици за распоредување во меѓународни операции предводени од НАТО, од ООН или коалиции.
2. Подобрување на капацитетите за националната кибернетичка (сајбер) безбедност и за национален одговор против тероризмот.
3. Продолжување на градење капацитети за поактивно присуство во Арктикот.

Во согласност со заклучоците од документот, до определениот рок, данските ВС би требало да ги имаат изградено следните капацитети и способности, како дополнителни на постоечките:

– Бригада (околу 4.000 војници),

Во согласност со стратешките документи, Данска смета дека ниедна соседна земја не ја загрозува нејзината територија. Тоа значи дека армијата мора да биде способна да се распоредува насекаде во светот, што бара современа опрема и висококвалитетна обука. Фокусот на данската армија е на меѓународните мисии



целосно опремена за распоредување надвор од државата, во рамките на НАТО-операции. По потреба, и нејзините единици, поединечно, да можат да бидат распоредени во меѓународни операции. Бригадата ќе се зајакне со повеќе тенкови, системи за противвоздушна одбрана, противоклопни системи, артилерија, дополнителна извидувачка ескадрила, опрема за електронско војување, беспилотни летала, инженерска опрема и друго;

– Лесен пешадиски баталјон (до 500 војници), целосно опремен и оспособен за извршување задачи во рамките на националната безбедност или како придонес кон меѓународните операции. Би бил оспособен за распоредување од воздух или од брод;
– зајакнати способности на воено воздухопловство со замена на постоечката флота со 27 нови борбени авиони „F-35“;
- дополнителни капацитети за специјални операции;
– зголемена борбена готовност и намалено време на распоредливост на единиците одредени за асистирање на националните полициски сили;
– зајакната кибернетичка сајбер-одбрана;
– вклучување на поморските фрегати, опремени со проектили, во системот на противвоздушна одбрана;
– координиран придонес на поморските и на воздухопловните сили во борба против непријателски подморници со сонарни и противподморнички торпеда;
– придонес кон противбалистичката ракетна одбрана со нови сензорски капацитети;
– зајакната одбрана во Арктикот, вклучувајќи ги и Гренланд и Фарските Острови.

## Сајбер-безбедност

Со оглед на фактот што данското општество сé повеќе е зависно од дигитални решенија, тоа станува сé повеќе подложно на сајбер-напади. Тие создаваат сериозни последици и за вооружените сили и за приватните компании. Сајбер-шпионажата претставува голема безбедносна и социо-економска закана за Данска и нејзините интереси. Заканите од таков вид шпионажа не се насочени само кон ВС и кон информациите од стратешко, политичко и економско значење, туку и против компаниите, најчесто кон истражувачки компании, високата технологија, енергетската и фармацевтската индустрија.
Со долгорочните планови се зајакнува сајбер-одбраната заснована на ажурирани процени на заканите по националната безбедност.
Министерството за одбрана игра важна улога во ова, координирајќи ја сајбер-одбраната помеѓу јавниот и приватниот сектор, со цел зајакнување на заштитата на критичната национална инфраструктура (телекомуникациите, енергетиката, здравството, финансиите и транспортот).
По неколку компјутерски безбедносни инциденти, во 2012 година данските ВС формирале Центар за сајбер-безбедност (CFCS), сектор во воената разузнавачка служба (DDIS). Мисија на Центарот е да придонесе за заштита на Данска од сајбер-закани. Центарот е националниот авторитет за безбедност на информатичката технологија и обезбедува национален сервис за превенција, совети и информации за сајбер-безбедноста. Центарот дејствува како централен национален орган за сајбер-безбедност.
Борбата против сајбер-заканите е засилена преку: подобрена заштита од современи сајбер-напади, вклучувајќи и понатамошно проширување на напредната технолошка сензорска мрежа; воспоставување на Национален сајбер-центар за подобар општ преглед на заканите; значително зајакнување на капацитетите за обезбедување превентивна и советодавна поддршка на јавни институции и компании кои се од клучно значење за функционирањето на општеството; развој на способностите на данската воена разузнавачка служба; поддршка на Центарот за совршенство за НАТО кооперативна сајбер-одбрана (NATO CCD COE) во Талин (Естонија) и на Европскиот центар за извонредност за борба против хибридните закани (Hybrid CoE) во Хелсинки (Финска).

М.С.









# Рамо до рамо со сите во НАТО

## Средба со Илија Николовски, генерал-мајор во пензија и пратеник во Собранието на Република Македонија

Откако го изоде патот на работниот век и успешно помина низ сите „сцили и харидби“ на одбраната и безбедноста на Република Македонија, генерал-мајорот Илија Николовски 2005 година стигна на најголемата животна раскрсница – пензионирањето, но тука не застана. Со голем исчекор повторно тргна по новиот животен пат кој речиси само делумно беше видоизменет. Му останаа навиките и дисциплината кон извршувањето на задачите, а секојдневието го почувствува како промена на содржината на активностите и на дејствувањето. Ентузијазмот што го имаше му даде силен импулс и поттик за надминување на предизвиците и ги решаваше проблемите што неминовно ги наметнува третата животна доба. Со голема амбиција и посветеност навлезе во новиот почеток на животот, со јасно определени цели и сигурност дека ќе ги оствари и ќе ги постигне посакуваните успеси.

Одењето во пензија на генерал-мајорот Илија Николовски не му создаде никаква потешкотија, зашто знаеше да се потпре на знаењето, на искуството и на мудроста што ги стекна додека чекореше и се изградуваше низ војничката професија. Со голема амбиција и посветеност навлезе во новиот почеток на животот, со јасно определени цели и сигурност дека ќе ги оствари и ќе ги постигне посакуваните резултати. Нему како сè да му беше познато и без посебни подготовки. Веднаш се вклучи во невладиниот сектор и во политичкиот живот на земјата. Тоа го доведе и до највисокиот законодавен дом на Република Македонија и сега како пратеник почна да се самопотврдува и да бележи нови успеси

И, токму така, денешниов пратеник во Собранието на Република Македонија, генерал-мајорот Илија Николовски, по пензионирањето само малку подзастана за да се одмори на животната патека и потоа веднаш се вклучи во невладиниот сектор и во политичкиот живот на Република Македонија. И сè му тргна според посакуваното, единствено што имаше мали „недоразбирања“ со времето, зашто како и порано, тоа и сега му недостасува, а особено во овие турбулентни политички превирања во Собранието на Република Македонија, кога се носат историски одлуки за нашата иднина и натамошното втемелување и опстојување на државата. Затоа, едвај успеавме да му „украдеме“ малку време и простор од неговата секојдневна и со задачи преполна агенда. Се сретнавме во најомиленото катче за поминување на дел од слободното време, во Домот на АРМ, во седиштето на неговото прво Здружение на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на Република Македонија. Таму го започнавме разговорот, бидејќи токму оттаму тој зачекори по патот што го доведе до Собранието на РМ.

**Какви беа почетните и подоцнежните пензионерски активности на генералот Илија Николовски? Што работеше и какви придонеси оствaруваше во невладините и другите асоцијации? Колку тој ги исполнува задачите и**



**ја оправдува улогата народен претеник и единствен претставник на највозрасната и најмасовна популација граѓани во Македонија што треба да ги застапува нивните интереси?**
– Најпрво се вклучив во Здружението на армиските и полициски ветерани (ЗАПВ) на РМ, а потоа станав негов претседател. Тогаш почувствував дека од оваа позиција низ мисијата на Здружението најмногу ќе можам да придонесувам кон остварувањето на целите на одбраната и безбедноста на Република Македонија и нејзиното реформирање за побрзо интегрирање во структурите на НАТО и Европската унија – вели Николовски.
Сепак, своја идентификација тој доживува во ноември 2007 година со застанувањето на чело на Здружението на дипломирани студенти на НАТО-одбранбениот колеџ во Рим од Република Македонија. Тој прв од офицерите на АРМ го посетуваше овој колеџ и со успех го заврши. Од самото формирање ова здружение придонесуваше во реформите на АРМ и Министерството за одбрана со помагање во создавањето поволни услови за интегрирање на Република Македонија во НАТО и во ЕУ. Тоа може да се согледа и од целите што ги имаше поставено во програмата: прифаќање и јакнење на системот на вредности кои ги развива НАТО и ја гарантира нашата безбедност, што кореспондира со нашите национални интереси; обезбедување позитивни мислења од влијателни и компетентни фактори кои организираат активности за поддршка на Република Македонија при зачленувањето во НАТО-алијансата и нејзино промовирање како респектабилен член од семејството на НАТО; изнаоѓање форми и активности за проширување на знаењата за НАТО и ширење на духот на соработка, заедништво и солидарност во Алијансата.
Овие задачи, како што вели Николовски, се остваруваа низ разни форми на дејствување: искористување на знаењата и на интелектуалниот потенцијал на членството во изработка и имплементација на проекти со кои се остваруваа целите и задачите на Здружението; организирање форуми и панел-дискусии за националната безбедност и одбрана и за развој на можностите за меѓународно етаблирање и препознавање на Република Македонија како стабилна, безбедна и перспективна држава, како и изнаоѓање начини и форми за ефикасна примена на експертизата стекната во НАТО-колеџот во безбедносно-одбранбената област.
**Но, колку можеа ветераните и дипломираните студенти на НАТО-одбранбениот колеџ во Рим да направат и да придонесат повеќе во реформите од редовните вработени во Армијата и во Полицијата, кои всушност за тоа имаат ресурси и со голема стручност и посветеност работеа на приспособувањето и интегрирањето на одбранбено-безбедносните структури?**
– Можеби не можеа повеќе од нив да направат, но навистина ние можевме мошне да придонесеме бидејќи бевме растоварени од сите политички и други влијанија и дејствувавме како коректив на некои недостатоци и пропусти што се случуваа во одбраната и безбедноста. Тоа го чиневме преку разни форми и активности, а особено придонесувавме за подобрување на социјалниот статус на активните воени лица и за предвремено пензионираните припадници на војската и на полицијата. Во рамките на тие активности, организиравме предавања и трибини со поставување на дневен ред на теми што се од посебен општествен интерес и имаат одбранбено-безбедносен карактер, што е и денес мошне актуелно и ефикасно се спроведува токму во организација на овие здруженија. Во фокусот на нашето дејствување е осветлување на проблемите, укажување на начинот на решавање и на последиците од нивното запоставување. Така, беа третирани многу актуелни теми од областа на одбраната и безбедноста, како придонес кон согледувањето и изнаоѓањето решенија за превенција и справување со појавата и слично.
На овој план имаше поставено мошне актуелни, да не речам „ексклузивни“ содржини, како што беше неодамна и расправата за глобализацијата на асиметричните ризици и закани по безбедноста на Република Македонија





и други слични теми за кои се води дебата, но и се носат заклучоци со насоки за справување со таквите предизвици.

**До каде допираат тие заклучоци што произлегуваат од ваквите расправи и панел-дискусии и дали се остварува некаков бенефит, ете, на пример, и од неодамнешната трибина во Домот на АРМ за Договорот со Грција?**

– Со сигурност тврдам дека заклучоците не само што допираат до најодговорните фактори туку се анализираат и дел од нив се прифаќаат како насоки во имплементирањето на задачите за побрзо вклучување и спроведување на реформите и интегративните процеси. Несомнено, голем придонес тука имаат вработените и раководствата во Армијата на Република Македонија и

Со влегувањето во најмоќниот сојуз во светот, ќе бидеме рамноправни со големите сили и како полноправни и еднакви членки ќе носиме геостратегиски одлуки за својата и иднината на нашите поколенија. Македонија ќе биде рамо до рамо со 29-те најмоќни земји на светот, со што се намалуваат ризик факторите кои влијаат врз сигурноста и решеноста за инвестирања во нашата земја



Министерството за одбрана во однос на учеството и давањето помош во организирањето вакви трибини и други форми на вклучувања во процесот на спроведувањето на реформите во смисла на афирмацијата на вредностите на НАТО-алијансата и активностите што ги презема Република Македонија за побрзо зачленување и интегрирање во евроатлантските асоцијации. Исто така, во овој контекст неодамна беше организирана трибина и панел-дискусија во Домот на АРМ на еминентни претставници на невладини и други организации и познати аналитичари на состојбите во врска со Договорот со Грција и неговата ратификација во Собранието на Република Македонија како услов за влез во НАТО и во Европската унија.

**Кои би биле придобивките со зачленувањето во НАТО-алијансата?**

– На трибината, но и од говорницата на Собранието, го истакнав значењето и придобивките од овој историски договор. Потенцирав дека Договорот е влог во македонската иднина со кој го расчистуваме патот на нашата земја за влез во НАТО и за почеток на преговирите за интегрирање во Европската унија. Засекогаш ќе се обезбедат и ќе бидат гарантирани границите на нашата земја. Со влегувањето во најмоќниот сојуз во светот, ќе бидеме рамноправни со големите сили и како полноправни и еднакви членки ќе носиме геостратегиски одлуки за својата и иднината на нашите поколенија. Македонија ќе биде рамо до рамо со 29-те најмоќни земји на светот, со што се намалуваат ризик факторите кои влијаат врз сигурноста и решеноста за инвестирања во нашата земја. Со членството во НАТО го забрзуваме напредокот кон демократизацијата и владеењето на правото, го подобруваме рејтингот на државата, што е предуслов за поголеми домашни и странски инвестивции, но тоа е и гаранција за побрз целокупен раст и развој на земјата, а да не говориме за големината на придобивките со пристапувањето кон Европската унија.

**Вие сте пратеник во Собранието на РМ и единствен претставник (и претседател) на Партијата на пензионери. Но, како и колку ги застапувате интересите и на останатите пензионери кои се најбројна популација на граѓани во Македонија?**

– Знаете дека здруженијата на пензионери во Македонија се организирани во сојузи на старосни и на инвалидски пензионери, од кои најбројно членство (над 250.000) има Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија (СЗПМ). Според своите програми тие навистина се грижат



за остварување на правата стекнати врз основа на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и други програмски активности за зачувување и подобрување на здравствената состојба и во целост за подобрување на квалитетот и продолжување на векот на животот на пензионерите. Тие можат тоа да го прават и со организирање на разни активности, со учество во дебати и давање преопораки и насоки, со иницирање и спроведување некои проекти од таа област и слично, но без право на правна сила и способност за влијание врз донесувањето и извршувањето на мерките и одлуките за решавање на проблемите. Значи, таквото дејствување нема алатка за исполнување на барањата на пензионерите и за зголемување на интересот на владејачките структури за решавање на нивните проблеми и во целост за подобрување на животот на припадниците на третото животно доба. Токму поради тоа се зголемува значењето на моето присуство и непосредно учество во донесувањето одлуки поврзани со интересот и со животот и здравјето на пензионерите од повеќе аспекти, за што максимално ќе се заложам тие да ги добијат сите права и бенефиции што им припаѓаат. Тоа уште повеќе и со задоволство ќе го правам бидејќи станува збор за заеднички задачи и цели кои се поставени во програмите на сојузите, а со кои и Програмата на ПП речиси во целост е компатибилна. Во тој контекст, ќе се заложам за подобра и понепосредна соработка со нивните раководства, а особено со СЗПМ, со која за жал досега не беше на посакуваното рамниште.



**Веројатно мислите и на соработката околу имплементирањето на Законот за пензионерско организирање, за кој иницијален текст подготви СЗПМ, а во соработка со Министерството за труд и социјална политика треба да влезе во владина и собраниска процедура за донесување?**

– Пред да се случи тоа верувам дека и јас ќе бидам консултиран и вклучен во согледувањето на содржината и потребата од таков закон, со оглед на тоа дека постои Закон за здруженија и фондации и Закон за инвалидско и пензиско осигурување, кои мошне добро ја регулираат оваа проблематика, што не значи дека сè е регулирано како што треба. Подготвениот предлог-закон за пензионерско организирање верувам дека е повеќе фокусиран на пензионерската проблематика, но претпоставувам дека тој главно нема да биде во полза на зацврстувањето на влијанието на Сојузот над здруженијата на пензионери, како што слушнав при некои такви коментари. Сепак, не сакам да шпекулирам и затоа на ова прашање не можам да дадам конкретен одговор, бидејќи навистина не ми е познат ниту иницијативниот текст, ниту, пак, предлог-законот што ми го спомнувате.

**Господине генерале, како припадник и на Здружението на воените пензионери, кое е членка на СЗПМ, познато ви е дека поради востановеното пополнување на ЗП во Македонија по територијален (општински) принцип, ова здружение нема прилив на нови пензионери и загрозено е неговото опстојување. Има ли решение за овој проблем на воените пензионери?**

– Секако дека има решение, но треба да има волја и подготвеност на одговорните фактори, како што се: СЗПМ (ОРО), Фондот ПИОМ, АРМ и Министерството за одбрана, кои во меѓусебна соработка треба да го согледаат проблемот и да најдат заедничко решение. Всушност, сè тргнува од пензионирањето и насочувањето на новопензионираните старешини и другите припадници од одбранбените структури да се зачленуваат во Здружението на воените пензионери по некаков автоматизам, но без нарушување на демократското право на согласност. Сето тоа може и правно да се регулира и во ова здружение да има прилив на нови членови. Впрочем, потребно е да се проучат и да се применуваат искуствата за пополнување и јакнење на ЗВП по теркот на соседните земји и другите држави од бившите ЈУ-простори, каде статусот на воените пензионери е мошне висок и ценет во општеството. Тоа е во согласност и со стандардите на НАТО и на Европската унија кон кои се стремиме и чиниме сè за што побрзо да се интегрираме.

Мендо Димовски





# Семинар за внатрешно раководење

Во согласност со Програмата за билатерална соработка со СР Германија за 2018 година, оваа година Семинарот се реализираше во Република Македонија, во периодот од 15 -19 октомври. Семинарот го отвори државниот секретар во Министерството за одбрана, Драган Николиќ, кој, меѓу другото, истакна дека долгогодишната успешна соработка меѓу Министерството за одбрана на Република Македонија и Сојузното Министерство за одбрана на СР Германија придонесе до континуирана реализација на Семинарот во двете држави наизменично, што резултира со досегашно учество на околу 160 претставници од Министерството за одбрана и АРМ. „Планирањето и реализацијата на Семинарот е во насока да обезбеди практични информации за примената на целите

Од самиот почеток на воспоставувањето на билатералната соработка во областа на одбраната со СР Германија, која започна со потпишувањето на Спогодбата за билатерална соработка во 1996 година, секоја година врз основа на реципроцитет се реализира Семинарот за внатрешно раководење – Вооружените сили во демократското општество, со предавачи од германскиот Центар за внатрешно раководење кој се наоѓа во Штраусберг, СР Германија





и принципите на Концепцијата за внатрешно раководење, а преку своите содржини и интерактивност, да помогне во размена на заеднички искуства од областа на функционирањето на вооружените сили во демократските општества, нивните права и должности“ – истакна Николиќ во своето обраќање. Тој додаде дека на овој семинар, исто така, ќе може да се добијат информации поврзани со развој на персоналниот менаџмент, привлекување и регрутирање на персонал, како и со улогата на жените во вооружените сили на германската армија, поддршката на семејствата на припадниците на вооружените сили, етика и интегритет и други теми од интерес за учесниците.
На крајот државниот секретар потенцираше дека ваков вид на активности организирани заедно со Центарот за внатрешно раководење од Штраузберг, како и развивањето на билатералната соработка со Министерството за одбрана на Сојузна Република Германија ќе продолжат и во иднина, а се во насока на градење на капацитетите на нашиот персонал и зацврстување на меѓусебните добри односи помеѓу двете министерства.

Наведената активност на учесниците им овозможи целосно согледување и запознавање со структурата и организацијата на одбраната во СР Германија, како и со начинот на водење во кариера на цивилите во структурата на одбраната. Земајќи го предвид интерактивниот карактер на активноста, истата на учесниците им овозможи целосно согледување и запознавање со структурата и организацијата на одбраната во СР Германија.
Исто така, предавачите ги запознаа учесниците на Семинарот со работата на Канцеларијата на парламентарниот комесар за вооружените сили (воен правобранител), со неговата функција, задачи и организациска поставеност. Оваа канцеларија има задача да ги заштитува основните права на сите припаднички и припадници на Бундесверот, да ги испитува евентуалните повреди на нивните права, да ги утврдува можностите за подобрување на условите за работа и промоција на припадниците на Бундесверот. Воедно, Канцеларијата на парламентарниот комесар има задача, во координација со други надлежни институции, да предлага подобрување и унапредување на законите и





Основна цел на Семинарот беше на учесниците да им се презентираат практични информации за примената на целите и принципите на концептот за внатрешно раководење, со разгледување на сите социјални и индивидуални аспекти. За време на Семинарот германските предавачи дадоа посебен осврт на вооружените сили во демократското општество, концептот за внатрешно раководење воопшто и поврзаноста со извршувањето на воените задачи. Покрај тоа, тие се фокусираа на суштински теми во одбраната, како што е управувањето со човечките ресурси, регрутирањето, улогата на жените во вооружените сили на германската армија, поддршката на семејствата на припадниците на вооружените сили, етиката и интегритетот, како и правата, должностите и бенефициите на воените лица.

подзаконските акти кои се однесуваат на Бундесверот.
Во целост Семинарот го појаснува внатрешното раководење, кое е раководно начело на германските Вооружени сили и Бундесверот. Начелото во основа го опишува моделот на германскиот војник кој би требало да биде способен војник, добар граѓанин и слободно лице, начело за однесувањето на војникот со другите војници и односот меѓу подредените и претпоставените.
Ваков вид на активности организирани заедно со Центарот за внатрешно раководење од Штраусберг, како и развојот на билатералната соработка со Министерството за одбрана на СР Германија ќе продолжат и во иднина, бидејќи тие се особено важни за развојот на капацитетите на персоналот во одбраната.

Виолета Куновска



# „REGEX 19“

Иницијативата REGEX вклучува една партнерска нација која ги поканува соседните партнери на национална вежба. За целото време НАТО обезбедува поддршка за сите работилници при планирање на вежбата, како и при организирање и делување на една мултинационална бригада во согласност со процедурите и стандардите на НАТО. Командата на здружените сили на НАТО во Неапол е директен учесник во вежбата, односно ги планира и ги спроведува работилниците во соработка и координација со земјата-домаќин. Целта на вежбата е обука и подобрување на оперативните способности на командите и единиците на земјата-домаќин и партнерските земји во планирање и извршување на операциите за поддршка на мирот во реално време и мултинационална средина. Станува збор за вежба на командно место, поддржана од компјутерски асистирани симулации. Вообичаено се разработуваат и проигруваат сценарија за операции за поддршка на мирот, водени од НАТО,

Република Македонија е земја-домаќин на подготовките и одржувањето на вежбата „REGEX 19“. Regional Exercise (REGEX) е меѓународно регионална иницијатива со можност една партнерска земја на НАТО од самиот почеток сè до нејзина реализација да планира и да организира вежба со поддршка на Алијансата, а во согласност со барањата и стандардите за обука на НАТО

односно од ООН.
Иницијативата REGEX ги поддржува целите на НАТО, со тоа што земјите-партнери ги запознаваат процедурите на НАТО преку градење на доверба и разбирање за подобра соработка во регионот, како и преку промовирање на зголемена интероперабилност. Станува збор за земјите од иницијативата „Партнерство за мир“ (Partnership for Peace/PfP), Медитеранскиот дијалог (Mediterranean Dialogue/MD), Истанбулската иницијатива за соработка (Istanbul Cooperation Initiative/ICI) и партнерите низ целиот свет (Partners across the Globe /PatG).
Вежбата „REGEX“ е резултат и продолжување на воената соработка на неколку земји во рамките на регионалната иницијатива започната во 2013 година. Се спроведува во согласност со стандардите на НАТО со експертска и финансиска поддршка на Командата на здружените сили во Неапол. Првата вежба во рамките на регионалната иницијатива се одржала во 2014 година во Турција, потоа наредните години во Грција, во Босна и Херцеговина, во Јордан и во Србија. Во текот на октомври се одржа вежбата „REGEX 18“, во Белград, а на која припадници од Армијата на Република Македонија и Министерството за одбрана земаа учество.
Република Македонија е земја-домаќин на подготовките и одржувањето на вежбата „REGEX 19“. Како соработници







и експерти во текот на подготовките и реализацијата на вежбата доаѓаат припадници од НАТО-командата во Италија (NATO Command – Joint Force Command – JFC Naples).
Првата работилница се одржа во текот на септември 2018 во хотелот „Холидеј ин“ во Скопје. Учество зедоа претставници од 17 држави (Африканската унија, Алжир, Ерменија, Азербејџан, Босна и Херцеговина, Колумбија, Египет, Грузија, Јордан, Мавританија, Молдавија, Мароко, Катар, Србија, Тунис, Украина и Обединетите Арапски Емирати), претставници од земјата-домаќин, односно од Армијата на Република Македонија и Министерството за одбрана под раководство на директорот на вежбата, полковник Звонко Мајсторски, како и припадници од НАТО-командата во Италија.
Воведен дел од започнувањето на подготовките на вежбата зеде бригадниот генерал Реинхард Клос (ACOS J9 JFC Naples), а свое обраќање имаше и бригадниот генерал Орце Јордев (началник на штаб на Здружената оперативна команда). Генералите ја објаснија целта и придобивките на иницијативата REGEX, односно важноста на интероперабилноста и компатибилноста на работењето во мултинационална средина.
Цели на вежбата „REGEX“ се: да се задоволат специфичните потреби за обука на партнерите на НАТО, да се изгради меѓусебно разбирање помеѓу партнерите, зајакнување на регионалната соработка, мирот и стабилноста, како и подобрување на нивото на интероперабилност на силите и единиците на регионалните партнери во мултинационалната средина.
Регионалната иницијатива е вежба на командно место (CPX) за поддршка на безбедносните операции и зајакнување на заедничката соработка со земјите-учеснички во вежбата под надзор на НАТО.
Во текот на работилницата свои презентации во насока на подготовка и реализација на вежбата имаа одговорните лица од тимот на земјата-домаќин Република Македонија. Посебни предавања и запознавања со НАТО-процесот на планирање на вежбата во согласност со НАТО-директивата одржаа претставниците од Командата на НАТО во Неапол (Allied Joint Force Command Naples J7/J9 - REGEX Team).
Вежбата ќе се одржи во текот на 2019 година во Центарот за симулации во Командата за обука и доктрини во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес. Новиот центар за симулации предвидува поддршка на обуката на командите и единиците на АРМ преку планирање, организација, координација и менаџирање на спроведување на командно-штабни вежби до ниво на бригада. За вежбата ќе биде изработена листа на настани и инциденти кои, меѓу другото, ќе опфатат настани од процесот на донесување одлуки, спроведување на операции за логистичка поддршка за силите, воспоставување и употреба на информации и комуникации, спроведување на безбедносни операции, спроведување операции за цивилна воена соработка, информативни операции и слично.

Драган Павловски



# Елиминирање на неуспехот

Главна цел на вештината на војување е победа. Меѓутоа, понекогаш доаѓа до неуспех и нереално е да се отпише како невозможен. Во оперативната вештина, важно е каков став имаме кон неуспехот: дали ќе зборуваме за него, или ќе го потиснеме како да не се случил. Ова е важно за правилен развој на воената доктрина

При справување со комплексни проблеми, воспоставената доктрина секогаш е вкоренета во организациската култура на планерите. Обично во војска не се мисли за да се мисли, туку за да се постигне одредена цел, под изговор дека „се нема време за многу филозофирање“. Времето е оправдување да не се навлезе во длабоко размислување. Брзото донесување на одлуки треба да е својствено на тактичко ниво, но од оперативно ниво и нагоре, одлуките не смеат да бидат брзоплети и несоодветни. Поради грешки на тактичко ниво може да се изгуби битката, но поради грешки на оперативно ниво може да се создадат услови кои понатаму ќе ја чинат војната.

Важен сегмент при изучување на оперативната вештина и оперативниот дизајн е како навремено да се препознаат грешките при планирање во комплексна ситуација или грешките



кои неочекувано се појавуваат во текот на извршувањето. Тоа е клучно за успех и критериум за победа. Процесот на оперативно планирање и процесот на донесување одлуки може да тргне наопаку ако не се земат предвид можните несакани ефекти и долгорочни последици. Ова се случува често доколку се оди во крајности, кога корективните мерки на одговорниот се или премногу силни или премногу слаби или во процесот целосно се игнорираат претпоставките само затоа што се непосакувани.
Не постои формула за да не се прават никогаш грешки. Но, вистински подобрувања во планот може да се постигнат доколку се сфатат побарувањата кои произлегуваат од проблемот и можните грешки кои природно сме склони да ги правиме при негово решавање. Неуспехот не се случува ненадејно, тој постепено се развива. Кога луѓето решаваат комплексни проблеми, уште од самиот почеток се склони да прават грешки кои понатаму имаат кумулативен ефект. Кога се прават форензички анализи на неуспешни операции, вознемирува фактот што најчесто неуспехот бил предодреден уште на самиот почеток. Одредени грешки кои изгледале небитни и затоа не биле забележани, понатаму станале причина за неизбежност на неуспехот. Како изминува времето, постојаната сложеност на задачите сè повеќе ќе му оди во прилог на неуспехот, сè до точка од која нема враќање и тој станал неизбежен.
Луѓето му судат на неуспехот на различни начини, но обично причините за тоа се едноставни и лесно се објаснуваат со постоечките методологии. Проблемот е што неуспехот лесно се анализира откако ќе се случи. За која било изгубена битка, војна, човечки предизвикана катастрофа или несреќа, може да се направи длабока анализа поради што дошло до неуспех. Во најголемиот број случаи, дури и различни експерти доаѓаат до исти или слични заклучоци. Тоа веќе се случило и причинско-последичната зависност е лесно да се констатира. Меѓутоа, постои начин како да се симулираат комплексни проблеми со исти параметри на различни групи за да се утврди што е тоа што ги движи настаните кон неуспех. Направени се бројни истражувања и експерименти со групи на кои им се дадени комплексни задачи за да се утврди кои фактори во нивната групна динамика придонеле за неуспех.
Утврдено е дека еден од факторите за успех е тимската работа. Групите кои работат тимски полесно ја сфаќаат

> Важен сегмент при изучување на оперативната вештина и оперативниот дизајн е како навремено да се препознаат грешките при планирање во комплексна ситуација или грешките кои неочекувано се појавуваат во текот на извршувањето. Тоа е клучно за успех и критериум за победа. Процесот на оперативно планирање и процесот на донесување одлуки може да тргне наопаку ако не се земат предвид можните несакани ефекти и долгорочни последици



зависноста на нивните одлуки, како влијаат едни на други и врз целокупната организација. Тимската работа директно придонесува да се носат повеќе одлуки и да се разгледуваат повеќе опции. Вакви групи ги проверуваат хипотезите пред да заземат став дали ќе бидат корисни или не. Тимските играчи имаат тенденција подлабоко да размислуваат и да истражуваат и се целосно фокусирани на задачата. Групи во кои владее лоша динамика од аспект на тимска работа обично донесува помалку одлуки и тоа за пократко време. Нивните хипотези ретко се тестираат, а му ги презентираат на шефот како добитна комбинација. Недостигот на тимска работа влијае да се генерализираат и да се занемарат важни детали од кои е сочинет комплексниот проблем. Вакви групи скокаат од тема на тема без контрола, не се фокусирани и не го сфаќаат до крај проблемот.
Неуспехот се должи најчесто на човечкиот фактор: не се прави претходна анализа, не се очекуваат непредвидливи ефекти и не се земаат предвид долгорочните последици. Некои луѓе се склони да ги решаваат само оние проблеми за кои знаат со сигурност дека може да се решат, отколку да се зафаќаат со проблеми за кои мислат дека немаат решение.
Тимските играчи немаат проблем да се зафатат со решавање на проблеми за кои не се сигурни дека имаат решение. Тоа за нив е предизвик. Затоа, заклучокот од вакви истражувања е дека групи со здрав тимски дух ќе прават помалку грешки отколку групи на кои тоа им недостасува. Оттука, факторот способност за тимска работа би требало да биде важен критериум за оценување на планерите на оперативно ниво.
Кога се дефинира проблемот, целите може да бидат позитивни или негативни, општи или специфични, јасни или нејасни, едноставни или сложени, конкретни или да се подразбираат. За да се избегнат грешки од самиот почеток, тимот мора да утврди целите да бидат позитивни, специфични, јасни, едноставни и конкретни. Само тогаш нема оправдување дека не се знае точно што треба да се постигне. Кога станува збор за комплексни проблеми, мора да се поставаат корисни цели и да се сфатат интеракциите меѓу нив. Кога не може да се направат општите цели да бидат специфични, веројатно ќе се изгуби драгоцено време. Има примери кога планерите за да ја задржат самодовербата избираат проблеми кои се лесни за решавање, иако не се толку важни. Ова во војска е честа појава со цел да се импресионира

претпоставениот.
Суштината на оперативното планирање е да се размислува на последиците кои може одредени активности да ги предизвикаат и да се предвиди каде тие водат. Најчеста грешка е третирање на симптомите на болеста наместо нејзино лечење. Оперативниот дизајн е создаден како алатка за да се истражи проблематичната страна на реалноста, да се утврдат можните настани кои се несакани, а сепак може да се случат непосакувани и најопасни сценарија. Бидејќи е невозможно да се согледа целосно реалноста, треба да се направат приоритети и да се стесни фокусот. Затоа е подобро да се определат конкретни и специфични цели, отколку општи или оние кои се подразбираат.
Главна причина за многу неуспеси е едноставноста на човечкото размислување. Релативната забавеност на човечкиот мозок често принудува да се избере пократкиот пат за времето да се искористи поефикасно. Ова е извор на многу недостатоци во мисловниот процес. Дури и кога има доволно време, ретко процесот на донесување одлуки се практикува школски. Најчесто се прескокнуваат чекори или се водат паралелно во интерес на времето (брзај за да чекаш, чекај за да брзаш). Ова води кон логичка замка да се применуваат стари решенија на нови проблеми или уште полошо, избрзани решенија кога се игнорираат последиците и недостасува критичка анализа како планот да се направи подобар. Се смета дека разликата меѓу професионалец и аматер е во тоа што аматерите ги знаат правилата, а професионалците знаат кога да ги применат. Но, практиката покажува дека аматерите во многу случаи се повнимателни од професионалците кои стануваат жртви на својата компетентност и почнуваат да бидат невнимателни. Пречесто ги заобиколуваат правилата и на крај прават банални грешки.

Анализите на неуспешни операции покажуваат дека од суштинско значење за избегнување неуспех е јасно дефинирање на целите и нивно одредување на самиот почеток на планирањето. Тие нема секогаш да се реализираат одеднаш, бидејќи можат да бидат контрадикторни. Затоа мора да се подредат по приоритет, а понекогаш и да се бира која да се реализира помеѓу две цели. Добро е да се одредат приоритети, но тоа не значи дека треба слепо да се следат. Доколку околностите се сменат и проблемот може да добие нова форма, приоритетите и не мора да останат во ист редослед.



Тимските играчи немаат проблем да се зафатат со решавање на проблеми за кои не се сигурни дека имаат решение. Тоа за нив е предизвик. Затоа, заклучокот од вакви истражувања е дека групи со здрав тимски дух ќе прават помалку грешки отколку групи на кои тоа им недостасува. Оттука, факторот способност за тимска работа би требало да биде важен критериум за оценување на планерите на оперативно ниво

Во справување со комплексни проблеми чија динамика зависи од нивната конфигурација, неопходно е планирачкиот тим да формира модел на системот специјално наменет за операцијата. Успехот на тој модел ќе зависи од навремено предвидување на несаканите ефекти и долгорочните последици. Собирањето на информации е неопходно, но не смее да биде ниту помалку од потребното ниту повеќе од можностите за нивна обработка. Може да се случи премногу информации да го „задушат“ системот да не функционира т.е. да не може да се донесе навремена одлука.
Многу од причините поради кои се прават грешки во текот на планирачкиот процес се едноставни. Доколку нема конкретна цел, се нагаѓаат цели, не се поставуваат доволно прашања и не се размислува за резултатите од претходните акции за потоа да се приспособи планот врз основа на тие резултати. Планерите се обидуваат да изгледаат компетентно и да го направат во очите на претпоставениот тоа поважно од отколку да се фокусираат на целта. Со оглед на сложеноста на операциите во модерното војување и нивото на одлучување што се очекува од командантите, потребно е оперативните планери уште повеќе да се охрабрат критички да размислуваат.
Стратегиското ниво треба да биде толерантно кон командите и штабовите на оперативно ниво од кои се бараат одлуки врз основа на недоволни податоци.
Во методологијата на учење се смета дека најдобро се учи од грешките. Воените професионалци треба да сфатат дека грешењето е стандардна неопходност во процесот на развој. Историјата покажала дека во поголемиот број случаи, не се учи од успехот колку што се учи од неуспехот. Учењето од неуспехот заради подобрување е од суштинско значење за војската. Но за да се претворат во алатка за победа, грешките треба да се документираат, да служат како примери и научени лекции, да се споделуваат и да се пренесуваат на следната генерација. Тука постои голем проблем поради културолошкиот фактор. Кај некои култури, срамно е да се згреши и кога тоа ќе се случи, се потиснува за да се заборави. Има примери на војски кои не само што не ги истакнуваат изгубените битки, туку и ги претставуваат како победи, што е фасцинантно. Колективно се потиснува неуспехот, наместо да се учи од него. Храброста доаѓа во многу форми, а еден вид на морална храброст е да се признае грешката и да се најде причината неуспехот да не се повтори.

Ѓорѓи Вељовски

# Билатерална соработка

Во рамките на меѓународната соработка на ОРОРМ со исти или со слични асоцијации на резервни офицери, значаен сегмент претставува и билатералната соработка со повеќе вакви организации на просторот на поранешна Југославија, како и пошироко на Балканот. Потврда на ова претставува веќе воспоставената соработка помеѓу ООЕ на ОРОРМ Крива Паланка и Општинската организација на резервни офицери на Зрењанин, Р. Србија. Во текот на 2017 година во Зрењанин – градот на мултикултурата, познат во историското минато како Бечкерек, во средиштето на Банат, беше потпишана Повелба за збратимување помеѓу овие две организации во која се трасира нивната соработка како значајни субјекти на одбранбените системи во Р. Македонија и во Р. Србија.Неодамна, во возвратна посета на ООЕ на ОРОРМ Крива Паланка престојуваше делегација на Општинската организација на Зрењанин.Во разговорите што ги оствариjа со Извршниот одбор на ООЕ Крива Паланка, со кој раководи рез.поручник Влатко Митовски и со



претседателот на ОРОРМ проф. д-р Ѓорѓи Малковски, беа разменети искуства од нивното ангажирање во одбраната.Во рамките на дводневниот престој во Крива Паланка, гостите од Зрењанин го посетија манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ и Градскиот музеј, а положија и свежо цвеќе на спомен-костурницата на загинатите српски војници во Балканските војни и во Првата светска војна. При посетата на градоначалникот на Општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, тој беше поканет да го посети Зрењанин со цел продлабочување на соработката помеѓу двете општини. Договорено е активисти на ООЕ на ОРОРМ Крива Паланка во 2019 година да учествуваат на показна вежба од областа на заштитата и спасувањето во вонредни состојби што ќе ја организира Зрењанин.

# Едукативен марш

Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРМ Демир Хисар, со кој раководи рез.поручник Васко Младеновски, организира еднодневен марш на релацијата: с. Доленци – с. Брезово, во должина од 6 км.Оваа практична едукативна активност со повеќе содржини, во која учествуваа 50-тина резервни офицери од Демир Хисар, претставници на ООЕ на Прилеп и Кичево, како и претставници на локалната самоуправа, МЗ Брезово, ЛК „Изгрев“, ПД „Бигла“ и други, беше во рамките на проектот „Брезово – традиција и уметност“, поддржан од Министерството за култура. Целта на проектот, што го координираше проф. д-р Менде Солучевски, беше развој на руралниот туризам во општина Демир Хисар.Во текот на маршот учесниците положија свежо цвеќе на спомен-обележјата на загинатите борци во Илинденското востание и во НОВ во с. Доленци и во с. Брезово. Според програмата, тие ја посетија и Куќата на цвеќето на познатиот хуманист Живко Поповски-Цветин, кој им подари по еден цвет во чест на роденденот на неговата мајка. Во оваа пригода, на присутните им се обрати и претседателот на ОРОРМ, проф. д-р Ѓорѓи Малковски. За географските и демографските карактеристики на с. Брезово, учесниците на маршот ги информираше претседателот на МЗ Брезово, Вецко Никлевски, а предавања на тема „Брезово во Илинден и Брезово во НОВ“ одржаа професорите: Вангелко Лозановски и Менде Солунчевски. Членовите на ЛК „Изгрев“ се претставиија со литературни творби посветени на с. Брезово, едно од најопеаните села во Демирхисарско.



# Чествување

На 6 ноември – денот на раѓањето на генералот Михаило Апостолски и на 8 ноември – Денот на ослободувањето на Штип, во градот под Исарот се чувствуваше славеничка атмосфера. По повод 112-годишнината од раѓањето на



генералот Апостолски, на иницијатива на Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРМ Штип, со кој раководи рез. поручник Стојанче Димов, пред спомен-бистата се организираше свеченост на која во знак на почит и благодарност кон ликот и делото на големиот македонски војсководец беа положени букети свежо цвеќе на повеќе делегации.Во оваа пригода, пред присутните 100-тина граѓани, резервни офицери, припадници на АРМ, претставници на локалната самоуправа, негови соборци и ученици, за ликот и делото на генералот Апостолски говореше Кирил Панајотов, активист на ОРОРМ. Во пригодното излагање тој го презентираше неговиот животен пат од раѓањето во Штипско Ново Село, па сè до извојувањето на големата победа над фашизмот и создавањето сопствена држава во чијашто изградба во повоениот период даде значаен придонес. Чинот на чествувањето беше збогатен и со настапот на членовите на литературната секција при ООУ „Ванчо Прке“, кои презентираа рецитал посветен на НОВ. По повод Денот на ослободувањето, свежо цвеќе беше положено во Алејата на народните херои и на средновековната тврдина „Исар“, а за значењето на НОВ, како и за развојот и перспективите на Штип, пригоден говор одржа градоначалникот Благој Бочварски.

Живко Трајановски









# 13 Ноември - Ден на Инженерискиот баталјон

Инженерискиот баталјон (инжб), од составот на Првата механизирана пешадиска бригада (1.мпбр), на 13.11.2018 година го одбележа Денот на Инженерискиот баталјон и 74 години од формирањето на Инженериската бригада, чии традиции со гордост и чест ги продолжува единицата. На воената свеченост одржана по тој повод присуствуваа заменикот на комадантот на 1.мпбр, генерали и команданти од составот на АРМ, поранешни команданти и припадници на единицата, како и други гости и пријатели. Командантот на инжб, потполковник Арбен Јакупи, на почетокот од говорот даде краток осврт за минатиот период на инжб на којшто тој е горд, но и на иднината која претстои во која тој како командант, заедно со сите припадници на единицата, ќе ги продолжи успесите на единицата. За сето тоа да се оствари потребна е одлична обученост и подготвеност, како и вредна и пожртвувана работа на сите припадници на Баталјонот. Негова примарна цел, а верува и на сите припадници на инжб, е што поскоро рамноправно членство во НАТО-алијансата. Важен сегмент претставува и модернизацијата на инжб која треба да започне наскоро. Пред присутните гостите и припадниците на инжб свое пригодно обраќање имаше заменик-командантот на 1.мпбр, полковник Бесник Емини. Тој во својот говор ги истакна резултатите кои инжб ги постигнува во согласност со мисијата на единицата, притоа давајќи осврт на позначајните акивности кои таа успешно ги реализираше: справувањето со мигрантската криза на јужната граница од Р.Македонија, елементарните непогоди во Скопскиот и во Тетовскиот регион, учеството на вежбите рамо до рамо со НАТО-членките и нивните партнерски членки и предупатните обуки во и надвор од државата за мисиите кои следат. Потоа се прочитаа честитките по повод празникот и стимулативните мерки. По повод празникот, инженерците ја покажаа својата хуманост и со одржување на акција за доброволно дарување крв. Свеченоста заврши со презентација на дел од материјално-техничките средства со кои располага единицата.

С.Ј

# Американски оклопен транспортер „М113“

Оклопниот транспортер „М113“ е развиен од „Ordinance Tank-Automotive Command“, а е произведуван од команијата FMC (Food Machinery & Chemical Corporation). Серискoто производство на „М113“ започнува во 1959 год., а во официјална употреба е воведен во 1960 година. „М113“ е гасенично амфибиско оклопно возило, наменето за безбеден транспорт на десантно-борбено одделени или товар. Оклопот на возилото е изработен од заварени плочи од алуминиумската легура тип 5083, која е составена од алуминиум, манган и магнезиум. Основниот оклоп обезбедува заштита од лесни пешадиски оружја и шрапнели од гранати, а неговата дебелина се движи од 12 mm до 38 mm. Возилото поседува класична конструкција, односно напред десно е сместен погонот и трансмисијата, а напред лево е сместен возачот на возилото. Преостанатиот дел е транспортниот простор со 6,54 m³, во кој може да се сместат 12 војници (со командирот на возилото). Над позицијата од командирот е вграден отвор околу кој се вградени 5 перископи „М17“. На оваа позиција е поставен постамент за тешкиот митралез „М2 HB“, со калибар од 12,7 mm. Постаментот на митралезот овозможува ротација од 360° и елевација на движење од -21° до +53°. На кровот десно од отворот на командирот, во склопена состојба е поставен и постаментот М3, наменет за прифаќање на митралезот „М2 HB“ кога ќе биде дислоциран од возилото, односно за дејство од земја. Транспортниот оддел од секоја страна има по една клупа на која можат да седнат по 5 војници свртени со грбот кон ѕидовите на оклопот. Во предниот дел од транспортниот оддел е поставен столб на кој од едната стана е поставено седиштето на командирот, а од другата страна седиште на склопување. По потреба во внатрешноста на транспортниот простор може да се постават 4 носила за превоз на ранети војници, а на седиштето на склопување да биде сместен војник-медицинско лице. На кровот од транспортниот простор за потребите на десантното одделение има правоаголен отвор, а зад него вентилационен отвор. Влезот во транспортниот простор се изведува преку голема десантна рампа, која се придвижува со помош на хидрауличен уред. Во десантната рампа од левата страна е вградена помала врата. „М113А3“ како погон го користи моторот Detroit Disel 6V53T, со моќност од 275 кс, во комбинација со трансмисијата Allison TX-200-4, која поседува 4 брзини за движење нанапред и 1 за движење назад. Одниот дел на возилото е составен од 10 потпорни тркала со дијаметар од 61 cm (по 5 потпорните тркала од страна), кои за еластично наслонување се поврзани со торзиони оски, а првото, второто и петтото потпорно тркало поседуваат и хидраулични амортизери. Погонските тркала се поставени напред, а одзади се поставени мрзливците, кои се опремени со хидрауличен затегнувач на гасениците. При амфибиски операции бранобранот се поместува напред и се вклучуваат 2 пумпи за исфрлување вода, а возилото во вода се движи со помош на гасениците. Инаку, без подготовка, возилото може да помине водена препрека со длабочина од 101,6 cm. Од опрема возилото поседува противпожарни боци со CO2, систем за греење, АБХО-заштитен систем, лансери на димните гранати L8A1, 4 канти за вода или за деконтаминација, челични сајли за влечење од 5,5 и 9,1m. За комуникација меѓу возила прво е вградено радиото AN/GRC-8, а во 1991 год уредот SINCGARS, а за комуникација меѓу екипажот уредот AN/UIC-1. Благодарение на практично осмислената просторна конструкција, од возилото се развиени неколку основни модели: М113, М113А1, М113А2, М113А3 (визуелно препознатлив по надворешните резервоари за гориво на задниот дел) и М113А4 (прототип). Но, возилото е искористено и за развој на многу други модели, како на пример: командно, санитетско, инженериско, носач на минофрлач, борбено возило на пешадијата, возило за ПВО, возило за противоклопна борба, носачи на радари, возило за логистичка поддршка, продолжено возило со 12 потпорни тракала и други. Различните верзии на „М113“ се користат во над 50 земји во светот, а освен во САД, возилото по лиценца е произведувано во Италија, во Германија и во Пакистан. Досега од сите верзии произведени се над 80.000 примероци.

Ивица Дамески




1. Минофрлач М29 со калибар од 81 mm
2. Поклопец на отворот за командирот
3. Отворена оклопена купола за командирот
4. Тежок митралез М2 HB со калибар 7,62 mm
5. Поклопец на отворот за возачот
6. Позиција за поставување на перископот за ноќно возење М19 или AN/VVS2
7. Перископ М17 (вкупно 4)
8. Светло и ИЦ фар




| ТАКТИЧКО- ТЕХНИЧКИ КАРАТЕРИСТИКИ НА М113 | | |
|---|---|---|
| ВЕРЗИЈА | M113A2 | M113A3 |
| ЕКИПАЖ | 2+11 | 2+11 |
| ДОЛЖИНА | 4,86 m | 5,3 m |
| ВИСОЧИНА ДО КРОВОТ | 1,83 m | 1,83 m |
| ВИСОЧИНА ДО МИТРАЛЕЗОТ | 2,52 m | 2,52 m |
| ШИРОЧИНА | 2,69 m | 2,69 m |
| КЛИРЕНС | 430 sm | 430 sm |
| ТЕЖИНА | 11.334 тони | 12.329 тони |
| НОСИВОСТ | 1,3 тони | 1,3 тони |
| ПОГОН | Detroit Disel 6V53, со моќност од 215 кс и трансмисија Allison TX-100-1 | Detroit Disel 6V53T, со моќност од 275 кс и трансмисија Allison TX-200-4 |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 61 km/h | 65 km/h |
| БРЗИНА НА ЗЕМЈЕН ТЕРЕН | 27 km/h | 35,4 km/h |
| ПЛОВНА БРЗИНА | 5,8 km/h | / |
| АВТОНОМИЈА НА ДВИЖЕЊЕ | 483 km | 497 km |
| ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 61 sm | 61 sm |
| ПРЕДЕН НАКЛОН | 60% | 60% |
| БОЧЕН НАКЛОН | 30% | 30% |
| РОВ | 1,68 m | 1,68 m |

9. Позиција на возачот
10. Контролна табла
11. Дрвен бранобран
12. Моторно одделение со трансмисија
13. Челични гасеници Т150 со гумени папучи
14. Погонско тркало
15. Потпорно тркало
16. Алуминиумски оклоп тип 5083
17. Рафт за минофрлачки мини
18. Мрзливец
19. Десантна рампа
20. Транспортен оддел

# Падобранска пушка „ФГ-42“



Потребата за развој на падобранска автоматска пушка „ФГ-42“ („Fallschirmjagergewehr 42“ – Падобранска пушка, модел 1942) се јавила најверојатно по германскиот десант на Крит во мај 1941 година. Имено, во крвавите борби кои траеле десетина дена, германските падобранци претрпеле огромни загуби од кои според тврдењата на многумина историчари, овој вид на германските вооружени сили никогаш не заздравил. Има повеќе причини зошто имало толку големи загуби. Некои истакнуваат дека прва причина е таа што Британците наводно успеале да ги пробијат германските шифри, па така дознале за деталите на планот за десант. Можеби ова е точно, но генерално





Падобранската пушка „ФГ-42“ била една од најдобрите оружја кои биле користени за време на Втората светска војна. Пушката функционирала на принципот на позајмица на барутните гасови. Гасниот цилиндер е сместен под цевката и со клипот го придвижува ротирачкиот затворач со две брадавици за забравување

главната причина за големите загуби кај падобранците лежи во фактот дека тие скокале невооружени. Имено, личното вооружување на падобранците (пушки, автомати, митралези…) било исфрлувано од авиони во посебни контејнери. Така, првиот бран на падобранци морал да ја прифати борбата со добро утврдените Британци само со рачни бомби и со по некој пиштол и автомат. Според тогашните норми, на падобранецот му требале 80 секунди, по идеалниот доскок да се ослободи од падобранот а потоа да го побара најблискиот контејнер со вооружување. Така, кога би го зел оружјето, падобранецот можел рамноправно да ја прифати борбата. Токму во тој интервал – од доскокот па до вооружувањето, загинале најмногу падобранци.

После оваа горчлива лекција морало итно да се пристапи кон некои промени. Падобранците оттогаш по можност морале да скокаат со вооружување. Воведени биле и нови начини на врзување за падобраните со кои падобранците можеле да се ослободат за десетина секунди, но најважна била одлуката да се развие ново оружје, специјално за опремување на падобранците. Развојот на тоа ново оружје, германското воздухопловство – Луфтвафе го започнало самостојно, но дури по неуспешниот обид истото да се развие по редовен пат преку агенцијата за истражување и развој на копнената војска. Големото ривалство кое владеело помеѓу Луфтвафе и Вермахтот довело до тоа и едните и другите паралелно да работат на новото оружје според слични тактичко-технички побарувања. Тоа ново оружје и двете страни го замислиле како автоматско, и тоа требало да ги замени веќе застарените карабини „Маузер 98К“ и да ја зголеми огнената моќ на војниците како поединци. Според ознаките на автоматските пушки на Луфтвафе (ФГ-42) и на Вермахтот се гледа дека настанале во ист период, бидејќи на почетокот пушката „Stg 44“ (Sturmgewehr 44) имала ознака „MKb42“ (Maschinenkarabiner 42). Војската го развивала оружјето околу новиот „краток“ куршум 7,92x33 мм заради други тактички идеи, додека воздухопловството останало на тоа новата пушка да биде во проверениот, силен карабински калибар 7,92x57мм. бидејки развојот на новата падобранска автоматска пушка, идната „ФГ-42“, не е препуштен на вообичаените институции, оваа работа Луфтвафе ја доверила на свои луѓе од Министерството за воздухопловство, кои на повеќе производители на вооружување им пратиле свое барање за развој на ново универзално падобранско оружје. Тоа морало да биде со таков габарит што со него падобранците ќе можат да скокаат, морало да има можност за селектиран режим на оган (единечен/автоматски) и да користи муниција за пушки, а не за пиштоли.

Новото оружје требало да не биде подолго од еден метар, да не биде потешко од карабинот 98к (ако може и полесно), да користи стандардна муниција за пушка 7,92x57мм, а капацитетот на рамката за муниција да биде најмалку 10 куршуми, и тоа со заменливи рамки и полнење со поединечни куршуми (ленти со 5 куршуми). Исто така, тоа требало да има можност за бирање на режим на стрелба (автоматска/единечна), да биде стабилно при автоматска стрелба и при гаѓање од стоечки став. На него требало да има можност за монтажа на оптички нишан со зголемување 1,5x и за тромблон, а општиот облик на оружјето да овозможува да се користи како палка при блиска борба, да има шина за бајонет или да има вграден преклопен шилест бајонет, да има едноставни ногарки заради стабилност при гаѓање од лежечки став. Оружјето при автоматска стрелба требало да биде стабилно и да не отскокнува. Оружјето не морало да има класичен кундак, но морало да има потпирка за раме и максимално да биде заштитено од влијание на нечистотија и да биде отпорно на сите видови удари и потреси, заради природата на употреба. По поднесувањето на барањето на повеќе адреси во декември 1941 година, веќе во почетокот на 1942 година две компании започнале со развој на бараното оружје - „Rhenmetall-Borsing“ и „Heinrich Krieghoff Waffenfabrik“. Првите произведени прототипови на двата производители пристигнале во Луфтвафе кон средината на 1942 година. Многу брзо Луфтвафе се одлучило за пушката на компанијата „Рајнметал“, чиј конструктор бил Луис Штанге, познат уште и по многу успешната конструкција на автоматот „Штаер-Золотурн“ МП34. Следеле низа промени на оригиналниот дизајн. Принципот на работа водел потекло од митралезот „Луис“ од периодот на Првата светска војна. Едно од најинтересните решенија била можноста да се пука со единечна стрелба со затворен затворач (за поголема прецизност), а автоматска стрелба со отворен затворач. Денешните модели пукаат од отворен затворач, со што се обезбедува најдобро ладење и се спречува можноста за самоиспукување при интензивно користење.

Падобранската пушка „ФГ-42“ била една од најдобрите оружја кои биле користени за време на Втората светска војна. Пушката функционирала на принципот на позајмица на барутните гасови. Гасниот цилиндер е сместен под цевката и со клипот го придвижува ротирачкиот затворач со две брадавици за забравување. Уште некои од новините во конструкциите кои тогашниот конзервативен Вермахт никогаш не би ги прифатил биле и положбата на рамката за муниција која се ставала од левата страна, таканаречената „линиска“ конфигурација на пушката и



диоптерскиот нишан. Уште една новина во дизајнот на „ФГ-42“ е исклучително искосената пиштолска ракофатка, која наводно била поставена за да се овозможи падобранците полесно да дејствуваат додека висат под куполата на подобранот. Бидејќи ова се покажало како исклучително неупотребливо и непрактично, со подоцнежна модификација пиштолската ракофатка добила „нормална“ положба.
Пушките од првата серија која уште се означува и како „Модел I“ имале масивна метална ребреста потпирка за раме од пресуван лим. Сандакот бил изработуван од легура на челик со сложена машинска обработка и од левата страна се ставала рамката за

Едно од најинтересните решенија била можноста да се пука со единечна стрелба со затворен затворач (за поголема прецизност), а автоматска стрелба со отворен затворач. Денешните модели пукаат од отворен затворач, со што се обезбедува најдобро ладење и се спречува можноста за самоиспукување при интензивно користење



муниција, додека од десната страна се наоѓал отвор за исфрлување на чаурите. Ваквиот начин на прием на муницијата овозможил монтажата на гасниот механизам под цевката и наназад во кундакот, со што се добило на компактноста и мала должина на пушката. Пиштолската ракофатка била дел за себе и содржела механизам за чкрапање и селектор на стрелба и била изработена од пресуван лим. Предниот подкундак бил изработен од дрво со отвори на горната страна заради ладење на цевката. Неговиот облик спречувал раката на корисникот за време на употребата да дојде со врелите делови на пушката. Како стандардна опрема тука биле и стабилните преклопни ногарки, кои се наоѓале под цевката и се преклопувале напред – од предниот подкундак кон устата на цевката и го криеле бајонетот во склопена положба. На врвот на цевката се наоѓал масивен компензатор (разбивач на истрелот - сокривач на пламенот) со навој за монтажа на тромблонски додаток. Предниот и задниот нишан биле преклопни бидејќи поради „линискиот“ дизајн на пушката морале да бидат монтирани доста високо над цевката. Задниот нишан имал поделба за далечини од 100 до 1200 метри. На пушката можело да се монтира оптички нишан ЗФ-41 со зголемување од 1,5x. Се полнела со рамка за муниција од 10 или 20 куршуми.
Според првичната замисла од „Рајнметал“, материјалот за пушката требало да биде хром-никел челик, што е идеален материјал за огнено оружје, но стратегиски важна легура за Германците. Кога на Луфтвафе му било дозволено да започне со сериското производство (3.000 примероци), морал да се промени материјалот во мангански челик. Бидејќи Рајнметал не бил во можност да започне со сериско производство, поради зафатеност на капацитетите со производство на митралези и топови, производството било префрлено во „Krieghoff“. Но и на нив по 2.000 произведени примероци им недостасувал мангански челик, па производството било прекинато.
Во меѓувреме и извештаите од терен зборувале дека пушката е премногу лесна и дека контролата на пушката при автоматско дејство е речиси невозможна, односно дека за автоматска стрелба е неупотреблива, па дури и за кратки рафали. Уште пристигнувале и жалби дека пушката е премногу кршлива за груба теренска употреба и како не е добро избалансирана поради положбата на рамката за муниција.
Поради недостаток на првобитниот материјал и реалните недостатоци кои се покажале по употребата во

теренски (борбени) услови, „Krieg-hoff“ пристапил кон сеопфатна модификација, од која „ФГ-42“ практично станала „нова пушка“ и која е означена како „Модел II“. Покрај поедноставувањето и упростувањето кои со себе ги носи воеността масовно производство, модификациите и промените кои компанијата ги вовела биле во некои области и многу напредни. Сандакот кај поранешниот модел бил изработуван со сложена машинска обработка од едно парче, а новиот модел целиот е изработуван од пресуван лим, но ваквото производство имало и недостатоци (лоша цврстина на поединечни делови и склопови и слично).
Покрај сè, се покажало дека производството на пушката „ФГ-42“ никако не може да биде економично. Новата варијанта на оваа пушка имала поголема тежина за да може полесно да се контролира при автоматско дејство, а од иста причина и брзината на стрелбата е намалена од 900 на 600 куршуми во минута. Од повеќето модификации се истакнуваат следните: предниот нишан и носачот на бајонетот се изменети, преклопните ногарки биле поцврсти од претходните, се наоѓале на истото место, но се преклопувале кон подкундакот, а се потпирале под предниот нишан, кундакот е изработен од ламинирано дрво, аголот на пиштолската ракофатка е сменет, како и целата ракофатка со нова положба на кочницата и селекторот на стрелба, обликот на предниот подкундак е изменет, доградрен е одбојник на празните чаури, заради заштита на корисникот и вграден е приспособлив регулатор на протокот на гасовите. Бидејќи „ФГ-42“ никако не можела да ги замени лесните митралези/пушкомитралези, војската не се откажувала од унификацијата и развојот на автоматското оружје околу куршумот во калибар 7,92х33мм и званично побарале запирање на понатамошниот развој и производство на „ФГ-42“. Во корист им одело и масовното производство на автоматската пушка „Stg 44“, која одлично се покажала во борбени услови. Како и да е, Луфтвафе никогаш службено не го усвоил „краткиот“ куршум 7,92мм. Како војната се одвивала, германската војска сè повеќе заземала одбранбени позиции и водела одбранбени борби, па во склад со ситуацијата и падобранците се бореле како обична пешадија. Со тоа и престанала потребата за нивно опремување со посебна пушка. Но, од некои непознати причини на Луфтвафе му било дозволено производство на 5.000 пушки „ФГ-42“ кон крајот на 1944 година. Најдобра оценка за пушката „ФГ-42“ можеби дал генералот Штудент во својот извештај до Геринг од 10.11.1942 година каде вели: „Тоа е еден помал, згоден карабин со пиштолска ракофатка, кој воедно е и пушка и автомат и митралез заедно а притоа не е потежок од карабинот 98к“. Првата јавна употреба на пушката „ФГ-42“ била при ослободувањето на Бенито Мусолини во акцијата на германските падобранци во Гран Сасо во септември 1943 година. Сигурни докази за употребата на оваа пушка во битката за Монте Касино постојат во вид на фотографии. Уште со сигурност може да се каже дека се користела во Франција, каде падобранците им давале силен отпор на сојузниците. Пушката не е користена при десантот на Дрвар, бидејќи во таа акција не учествувале падобранци на Луфтвафе, туку 500. СС падобрански баталјон. Бројот на произведените примероци на „ФГ-42“ изнесува околу 7.000 (од кои 2.000 од „Модел I“ и околу 5.000 од „Модел II“). Точниот број на произведени пушки никогаш не е утврден, но се смета дека не поминал 5.000 примероци.
Таа била една од најнапредните пушки на своето време. По војната САД покажале голем интерес за оваа пушка, обидувајќи се да ги спојат митралезот „МГ-42“ со принципот на работа на пушката „ФГ-42“. Од овој неуспешен експеримент најпрво настанал митралезот „Т-44“, а подоцна прочуениот митралез „М-60“, кој и денес се наоѓа во употреба.

Александар Стојчевски

Првата јавна употреба на пушката „ФГ-42“ била при ослободувањето на Бенито Мусолини во акцијата на германските падобранци во Гран Сасо во септември 1943 година. Сигурни докази за употребата на оваа пушка во битката за Монте Касино постојат во вид на фотографии. Уште со сигурност може да се каже дека се користела во Франција, каде падобранците им давале силен отпор на сојузниците. Пушката не е користена при десантот на Дрвар, бидејќи во таа акција не учествувале падобранци на Луфтвафе, туку 500. СС падобрански баталјон





# „VN17“ –
## ново кинеско БВП-возило

Најновото БВП возило на кинеската компанија за наменска индустрија NORINCO е оклопното гасенично возило „VN17“. За развојот на „VN17“ се користени компоненти од кинескиот тенк „VT15“. „VN17“ е развиен по примерот на најсовремените европски гасенични БВП-возила. Основниот оклоп на возилото штити од лесни пешадиски оружја и шрапнели од артилериски гранати, но на него може да се постави дополнителна оклопна заштита која ќе одговара на STANAG ниво 6. Исто така, на долниот дел од возилото можат да се поставаат противмински модули, со цел заштита од 6 до 8 kg мини со ТНТ-експлозив. „VN17“ од секоја страна поседува по 6 потпорни тркала и 3 носачи на гасеници, погонските тркала му се напред, а мрзливците се поставени назад. За амортизација возилото користи торзиони шипки и хидраулични амортизери. Како погон му е вграден турбо дизел-моторот FX0012, со моќност од 1.000 кс, во комбинација со хидромеханичка трансмисија, која поседува 6 брзини за движење напред и 2 брзини за движење назад. Максималната брзина на возилото е 70 km/h. За борбено дејство на возилото е поставена беспосадна борбена купола во која е вграден автоматски топ со калибар од 30 mm и коаксијален митралез од 7,62 mm, додека на бочните страни е поставен по еден лансер за противоклопните ракети „Red Arrow 12“ и по 6 лансери за димни гранати. За ефикасно нишанење и набљудување, на борбената купола се вградени 2 современи стабилизирани оптичко-сензорски системи (за дневно-ноќни услови), од кои едниот е панорамски (за командирот), плус во возилото е вграден борбен контролен систем кој поседува можност за автоматско следење на целта. Од опрема вграден е и интегриран информациски менаџмент-систем, со можност за внатрешна и надворешна аквизија на информации, процесирање, прикажување и друго. Екипажот е составен од 3 членови (возач, нишанџија и командир), а во задниот дел превезува 7 десантни војници кои излегуваат од голема рампа (со централно интегрирана врата) на задниот дел од возилото. „VN17“ поседува должина од 7,5 m, височина од 2,5 m и широчина од 3,2 m. Тежината на возилото е 30 тони. Автономијата на движење му е 500 km, совладува преден наклон од 60%, преминува ров од 2,7 m, совладува водена препрека од 1,1 m и искачува вертикална препрека од 85 cm.

Ивица Дамески



# „WOLF“

## Израелско лесно оклопно возило на тркала 4x4

„WOLF“ е израелско повеќенаменско лесно оклопно возило на тркала, првично развиено како приватен потфат од страна на „RAFAEL Armament Development Authority“, оддел за развој на борбени системи. Првиот прототип беше завршен во 2002 година и истиот беше подложен на обемни кориснички испитувања од страна на Израелските одбранбени сили (Israel Defence Force - IDF), кои беа комплетирани во март 2005 година. На почетокот на 2005 година IDF го постави првиот производствен налог во висина од 14 милиони долари, со компанијата „RAFAEL Armament Development Authority“, како главен носител на договорот. Првите производни возила беа комплетирани во јуни 2005 година. Ова го опфаќа снабдувањето со почетна серија од 30 возила кои сега се веќе испорачани. До крајот на 2007 година беа нарачани вкупно 130 возила „WOLF“ од страна на IDF, иако се очекува дека евентуалното побарување ќе биде многу поголемо за да се овозможи замена на постоечките возила што ги користи IDF како возила за внатрешна безбедност. Актуелните возила се произведуваат од страна на „Hatehof“ од Израел, по што следи заштита на силите во САД, притоа користејќи средства во рамките на програмата „Foreign Military Sales - FMS“. Во служба на IDF, возилото „Wolf“ ќе ги замени воените возила за внатрешна безбедност „M-462 (4×4) Abir“, кои веќе немаат доволна носивост или заштита за да ги задоволат моменталните побарувања на корисниците.




Оклопното возило „Wolf“ се базира на модифицирана комерцијална шасија од возилото на САД „Ford F550 (4×4)“, која е опремена со целосно заварено челично оклопно тело кое овозможува заштита на персоналот од оган од мало огнено оружје и шрапнели од артилериско вооружување. Горниот преден дел од телото, страните и задниот дел се добро наклонети, така што сите предмети кои би дошле во допир со нив ќе се превртат. Целосно затворениот простор на моторното одделение се наоѓа напред, непосредно позади се наоѓаат командирот и возачот на возилото со голем еднodелен прозорец отпорен на

куршуми сместен фронтално од нив. За двајцата е предвидена голема предна врата на отварање од секоја страна, со прозорец во горниот дел кој е отпорен на куршуми. Одделот предвиден за транспорт на војници се протега до задниот дел на возилото со вистински аранжмани за седење во зависност од специфичните оперативни побарувања на самите корисници. Војниците можат многу брзо да влезат и да го напуштат возилото низ врати од двете страни на телото, како и низ двојна врата во задниот дел на возилото. Секоја од големите бочни врати се отвора нанапред и има голем прозорец отпорен на куршуми во горниот дел, како и опционални отвори за отворање оган (пушкарници) под него. Во секоја од страните во задниот дел на трупот за транспорт на војници има долгнавест прозорец отпорен на куршуми со опционална кружна порта за отворање на оган подоле. Дводелната врата на задниот дел на возилото се отвора нанадвор, десната врата има прозорец отпорен на куршуми во горниот дел, како и опционални отвори за отворање оган (пушкарници) под него како опција. Исто така има обезбедено оклопна заштита на подот на возилото, нивото на заштита може да биде поголемо доколку корисникот има такви оперативни побарувања.
Сите прозорци се обезбедени со заштитна жичена мрежа, додека предниот дел може да се спушти или да се подигне во зависност од тактичката ситуација. Возилото „Wolf“ обично се испорачува со светло монтирано на кровот, кое може да се контролира од внатрешноста на одделот на екипажот, како и трепкачки светла. Основната верзија на „Wolf“ е опремена со едноделен капак со поклопец на кровот кој, пак, може да биде опремен со прстенесто монтиран митралез 5,56 мм или 7,62 мм.
Широк спектар на други вооружени системи може да биде поставен на покривот на возилото, вклучувајќи и „RAFAEL“ далечинско управувана вооружена станица вооружена со митралез 7,62 мм или 12,7 мм или со автоматски лансер на гранати 40 мм. Ова може брзо да се постави на целта со користење на различни дневно-ноќни сензори со нишанџијата кој седи под целосна оклопна заштита.
Стандардната опрема вклучува автоматска трансмисија, „run-flat“ гуми и резервно тркало со гума кое може да се постави на задната десна врата. Дневно-ноќна камера е монтирана на покривот од задната страна на возилото и ова обезбедува слика на екранот која ја гледаат и командирот и возачот. Исто така е обезбедена и климатизација на возилото како и комуникациска опрема според побарувањата на потрошувачите.



Стандардната шасија „Ford 550 (4×4)“ може да се испорачува со единечни или двојни задни тркала. Други опции на шасија исто така се продаваат од страна на „RAFAEL Armament Development Authority“.
Општи спецификации и карактеристики:целосно оклопно тело; комерцијално достапна шасија; погон 4x4; автоматска трансмисија; транспорт до 12 лица кои седат во предна положба за возење или странично лице во лице или централно грб до грб; различни модуларни егзекуции за различни потреби; кровна купола; 4 странични врати со прозорци за набљудување и пушкарници; задна двојна врата за задно распоредување; оклопна заштита до 7,62 и 5,56 мм, како и други заштитни карактеристики.
Голем простор за патници за различни егзекуции: оклопен транспортер; амбулантно возило; командно возило; возило за спасување.
Останатите спецификации на оклопното возило „Wolf“ се: должина: 5,9 метри; широчина: 2,39 метри; висина: 2,59 метри; тежина 8,6 тони; мотор: 1xV8 turbo diesel (325 hp) P/w ratio 18.5 kW/tonne; посада: 2+8 (возач, командир и трупа); вооружување: опционално, RWS опремена со 12.7 mm HMG; автономија на опсег: 500 km; максимална брзина на пат: 130 km/h.
Оклопните возила„Wolf“ се произведени под етикети на знамињата на „Hatehof Industries“ и „Limited RAFAEL Advanced Defence systems“ од Израел. Ова возило, освен во IDF, исто така е прифатено и надвор од Израел од страна на Бразил (Воената полиција на државата Сао Паоло), Грузија (најмалку 13 возила кои ги користат и полицијата и армијата), Етиопија (Етиопски одбранбени сили), Република Македонија (Министерството за внатрешни работи) и Романија (единиците на Воената полиција на романските копнени сили). Почнувајќи од 2005 година па сè до 2015 година, произведени се повеќе од 150 возила.

Идриз Идризоски





# Авион „TU-22 Blinder“

Туполев“ е руска воздухопловна и одбранбена компанија со седиште во Москва. Била основана од советскиот воздушен инженер Андреј Туполев во 1922 година, со капацитети приспособени само за истражување во областа на аеронаутиката и дизајнирањето на авиони. Во тоа време производството се реализирало во други компании. Во текот на 20-тите години од минатиот век, Туполев ги истражувал сите метални авиони врз основа на пионерската работа што веќе ја направил Хуго Јанкерс за време на Првата светска војна. Имено, првиот успешен метален авион бил изграден од страна на германскиот инженер Хуго Јункерс во 1915 година. После Првата светска војна, а со цел да ги избегне условите од Договорот од Версај кој ги спречувал германските компании да изградат воени авиони, Јункерс во 1922 година основал фабрика за авиони во едно московско предградие. Така, раната генерација авиони од Туполев била под силно влијание на неговата поврзаност со Јункерс. Компанијата „Туполев“ била формирана како наследник на компанијата „Tupolev OKB“ или „Tupolev Design Bureau“, со постоење од речиси 100 години. Руската влада направила огромно спојување на „Tupolev“ со добро познатите воздухопловно-космички компании: „Mikoyan“, „Ilyushin“, „Irkut“, „Sukhoi“ и „Yakovlev“ во новоформирана компанија „United Aircraft Corporation“. Можностите на компанијата „Туполев“ вклучуваат развој, производство и ремонт за цивилни и воени воздушни модели, како што се авиони и системи за вооружување. Исто така е активна на полето со ракетни и поморски авијациски технологии. За илустрација, повеќе од 18000 авиони од „Туполев“ биле







произведени за бившиот СССР и за Источниот блок.
Андреј Николаевич Туполев (1888-1972) бил советски дизајнер на авиони. Во текот на неговата кариера тој дизајнирал и го надгледувал дизајнот на повеќе од 100 типови авиони. Како признание на неговата работа тој бил прогласен за почесен член на Кралското воздухопловно друштво на Велика Британија и на Американскиот институт за аеронаутика. Бил одликуван во сопствената земја како академик на Руската академија на науките (1953), генерал-полковник (1968) и три пати херој на социјалистичкиот труд (1945, 1957, 1972).
Туполев бил водечки дизајнер во Москва од 1929 г. до неговата смрт во 1972 година. Наследникот на Туполев, синот на Андреј Туполев, познат како Алексеј Андреевич Туполев, исто така бил познат дизајнер на авиони. Неговиот најпознат дизајн е суперсоничниот авион „Ту-144“. Ја водел компанијата „Туполев“ сè до неговата смрт во 2001 година.

## АВИОН „ТУ-22“

„Туполев Ту-22“ (известувачко име на НАТО: Blinder) бил првиот суперсоничен бомбардер кој влегол во сериско производство во Советскиот Сојуз. Во служба во советската војска влегува во 60-тите на минатиот век. Првиот сериски произведен бомбардер „Ту-22Б“, бил изграден од фабриката во Казан со иницијален лет на 22 септември 1960 година. Моделот ѝ бил претставен на јавноста на парадата на Денот на воздухопловството на 9 јули 1961 година, а влегол во служба во 1962 година. Произведен во релативно мал број, авионот не го постигнал очекуваното поради недостиг од интерконтиненталниот опсег што се очекувал. Тие биле користени како платформи за лансирање балистички проектили и како извидувачки авиони. Авионот доживеал значителни проблеми, што резултирало со голема неиздржливост и неколку несреќи.
До моментот кога „Ту-22Б“ стапил во служба, неговата оперативна корисност била ограничена. Меѓу повеќето грешки е тенденцијата на аеродинамично загревање при суперсонична брзина, како и нарушување на контролните точки со лошо ракување. Брзината за слетување била поголема од претходните бомбардери за 100 км/ч, а имал и тенденција да ја удри опашката при слетувањето (иако овој проблем конечно бил решен со додавање електронски системи за стабилизација). И покрај неговата брзина, тој бил инфериорен наспроти авионот „Ту-16“ во однос на борбениот радиус, товарот на оружјето и употребливоста. Авионот никогаш не бил лесен за летање, а бил интензивен за одржување. Советскиот лидер Никита Хрушчов верувал дека балистичките проектили се патот на иднината, а бомбардерите како „Ту-22“ биле во опасност од откажување. Можел да носи различни видови оружје: до 24 бомби за општа намена (една бомба од 9 000 кг) или разни типови нуклеарни бомби.
Модели на „Ту-22“ им биле продадени на други земји, вклучувајќи ги Либија и Ирак. Либиските „Ту-22“ биле користени во борбени дејства против Танзанија и Чад, а ирачките за време на Иранско-ирачката војна. Единствената советска воена употреба на „Ту-22“ се случила во 1988 година, за време на советското повлекување од војната во Авганистан. „Ту-22Р Blinder-E“, опремен со електронски попречувачи, го покривал повлекувањето на силите кон Советскиот Сојуз. „Ту-22“ постепено бил отстранет од советската служба во корист на „Туполев Ту-22М“, кој се карактеризира со поголема способност. Подновената варијанта „Ту-22М“ бил првиот авион со променлива геометрија на крилата од 20 до 65 степени. Првите 20 степени се користеле за полетување и слетување, 30 степени за мисии со голем долет, а максималните 65 степени се користеле при надзвучни брзини на многу големи висини.
Последните примери биле пензионирани во текот на 90-тите години од минатиот век. Во времето на распаѓањето на Советскиот Сојуз имало 154 модели останати во служба.

Драган Павловски

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „TU-22 BLINDER“ | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 3 - пилот, навигатор, офицер за вооружување |
| ДОЛЖИНА | 41.6 м |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 23.17 м |
| ВИСИНА | 10.13 м |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 92.000 кг |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 1.510 км/час |
| ДОЛЕТ | 4.900 км |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ | 13.300 М |



# Меѓународна и регионална активност на Република Македонија во борбата против современите безбедносни закани

Република Македонија активно учествува во работата на повеќето значајни меѓународни организации и специјализирани агенции на глобално и на регионално ниво како најефикасен начин за заштита на светскиот мир и безбедност од современите безбедносни закани

Процесот на меѓународно признавање на Република Македонија како самостојна и независна држава започна во 1992 година. До денес се воспоставени дипломатски односи со вкупно 167 држави. Целосни дипломатски односи помеѓу Република Македонија и Европската унија беа воспоставени на 29 декември 1995 година. Република Македонија стана членка на Обединетите нации на 7 април 1993 година, а последователно и на сите специјализирани агенции, програми и фондови од системот на ООН. Приоритетните прашања на Република Македонија во системот на ООН остануваат човековите права, разоружувањето и непролиферацијата, борбата против тероризмот, климатските промени и одржлив развој, имплементација на милениумските развојни цели, како и реформата на системот на ООН со цел неговото приспособување за справување со актуелните глобални предизвици. Република Македонија својата определба за интеграција во евроатлантските структури ја дефинира уште во 1993 година, кога Собранието на Република Македонија едногласно ја усвои Резолуцијата за пристапување на Република Македонија во НАТО и истата повторно ја потврди во 2007 година. Како долгогодишен партнер, Република Македонија е докажан достоен сојузник на Алијансата, кој ги промовира заедничките демократски вредности и одговорности.

Република Македонија учествува во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија врз основа на својата политичка определба да ги сподели целите и приоритетите на оваа значајна заедничка политика на земјите-членки на Европската унија и пред членството во Унијата. Република Македонија дава свој придонес во промоцијата на мирот и стабилноста на глобален план и, колку што е тоа можно, и во изградба на мирот и постконфликтна стабилизација преку учеството во Европската безбедносна и одбранбена политика. Споделувајќи





Република Македонија активно учествува во глобалните активности на планот на борбата против тероризмот во рамките на ООН, ЕУ, НАТО, ОБСЕ, Советот на Европа и други релевантни организации. Република Македонија со свои експерти активно учествува на состаноците на Комитетот на СЕ за борба против тероризмот. Исто така, таа е договорна страна на сите поважни конвенции, протоколи и други меѓународни правни инструменти за борба против меѓународниот тероризам



ги идентичните цели со земјите-членки на Европската унија, во 2004 година отпочна и процес на придружување кон инструментите на Заедничката надворешна и безбедносна политика. Во оваа смисла, во ноември 2004 г. унилатерално се придружи кон принципите и критериумите на Кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје (подоцна и кон Заедничката позиција на Советот 2008/944/CFSP од 8 декември 2008 г. за правилата за контрола на извозот на воена технологија и опрема). Врз основа на овој документ, Република Македонија доставува редовни годишни извештаи до Советот на ЕУ за извозот на оружје и воена технологија, кои потоа стануваат интегрален дел на годишните извештаи на ЕУ во поглед на имплементацијата на Кодексот и на Заедничката позиција на Советот 2008/944/CFSP. Во мај 2005 г. Владата на Република Македонија се придружи и кон Заедничката позиција за контрола на посредувањето во трговијата со оружје, а во јуни истата година и кон Програмата на ЕУ за превенција и борба против нелегалната трговија со конвенционално оружје.
Со придружувањето кон овие инструменти, Владата пристапи и кон адаптирање на релевантната национална регулатива, со цел истата да ги отслика преземените обврски.
Република Македонија во изминатиот период, на покана на Европската унија, редовно се придружуваше кон декларациите, изјавите, заедничките позиции и обраќања на ЕУ, објавени од страна на ЕСНР или во рамките на меѓународните организации во кои Република Македонија е членка.
Со прифаќањето на документите, Република Македонија и практично се придружува кон ставовите на ЕУ за актуелните меѓународни прашања.
Како земја-кандидат за членство во НАТО со кандидатски статус во ЕУ, а во согласност со меѓународните регионалните актуелности, во



континуитет и енергично го развива и го унапредува системот на национална безбедност на ниво на актуелните НАТО и ЕУ стандарди.
Безбедносната политика на Република Македонија се базира врз принципот на неделивост на безбедноста. Безбедноста на Република Македонија е неделива од безбедноста во Евроатлантскиот регион и од глобалната безбедност. Поаѓајќи од таквиот принцип, Македонија, во рамките на своите капацитети, значајно придонесува во напорите на меѓународната заедница за заштита на светскиот мир и безбедност, преку своето учество во меѓународните мировни операции.
Промовирањето на регионалната соработка и придонесот во создавањето на добрососедски односи, сигурност и стабилност со сите земји на Југоисточна Европа, претставува постојана определба на Република Македонија со заемно почитување на вредностите, како дел од глобалните интегративни процеси. Со тоа започнуваат процесите за создавање на поголема сигурност на меѓународен план и унапредување на регионот на економски план.
Денеска, во современиот свет, ниту една држава не може сама да ги реализира националните приоритети, без да оствари соработка со другите и без чувството за реципрочна поврзаност и зависност. Република Македонија ги поддржува формите на регионална организација и нивните активности кои водат кон подобрување на општествената благосостојба во Македонија и во регионот, како што се: Процесот за соработка на Југоисточна Европа; Советот за регионална соработка; Централната европска иницијатива; Националниот центар за миграција и азил и враќање на бегалците и друго. Се развива учеството на Република Македонија во регионалните иницијативи, особено на оние со соседите, кои водат кон подигнување и подобрување на соработката, толеранцијата, меѓусебното разбирање и општествената благосостојба.
Република Македонија има цврста определба за борбата против тероризмот на национално, на регионално и на глобално ниво.
Фокусот на севкупното делување е свртен кон превентивните активности за елиминирање на сите потенцијални опасности од појава на тероризмот и натамошна ескалација на последиците од него.
Тероризмот во моментов претставува еден од најголемите антагонизми во процесот на глобалистичката општествено-цивилизациска транзиција. Република Македонија работи на склучување на билатерални и мултилатерални договори помеѓу заинтересираните земји со кои се преземаат мерки за спречување на ширењето на терористичките активности, како и воспоставување блиска соработка меѓу тајните служби поради размена на разузнавачки информации.

> Со учеството во мировните мисии, Република Македонија потврдува дека е дел од антитерористичката коалиција во светот, давајќи скромен, но од непроценлива вредност придонес кон градењето на мирот и стабилноста во светот

Таквата соработка треба да се одвива низ следните чекори:

- редовна размена на информации меѓу стручњаците за борба против глобалниот тероризам;
- донесување на заеднички антитерористички закони и прописи со цел постоење единствен пристап во борбата против глобалниот тероризам;
- формирање база на податоци;
- едукација на јавноста за да ја сфати заканата што ја има тероризмот врз демократските процеси.

**Соработка со соседните земји**
Добрососедството е еден од клучните фактори за постигнување на мир, сигурност и благосостојба на една индивидуа, семејство, село, град или држава. Овој универзален принцип, со глобална важност и вредност, се потенцира и во критериумите за





членство во НАТО и во ЕУ. Гледано од овие аспекти, за Република Македонија од особена важност е да има што подобри односи со сите свои соседи. Република Македонија води особена сметка за негувањето и унапредувањето на политичките и економските односи со сите свои соседни земји, засновани на принципите на рамноправност, почитување на територијалниот интегритет и суверенитет, заемно уважување и почитување на културно-националните посебности. Република Македонија е цврсто посветена на понатамошното унапредување на регионалната соработка, на зајакнување на безбедноста и стабилноста, на размената на искуства и поддршка на земјите од регионот и нивна интеграција во евроатлантските структури. Регионалната одбранбена соработка вклучува постојани политички консултации на сите нивоа, заедничка обука, изградба на регионални центри за обука, изградба на заеднички воени единици, па сè до заедничко учество во меѓународните операции.

Блиската и плодна регионална соработка на САД со Јадранската група земји (А-5 формат), претставува многу успешен формат за вклучување на сите држави во Регионот, вклучително и Република Косово. Република Македонија смета дека унапредувањето на А-5 соработката е пристап на двојна добивка, и за мирот и стабилноста и за евроатлантската интегративност на Регионот.

## Соработка со меѓународната заедница

Тековите на соработката со меѓународната заедници во борбата и спротивставувањето против глобалниот тероризам водат кон остварување на следните цели: Прво, продолжување со детерминирање и таргетирање на суштинските цели на меѓународната заедница во борбата против тероризмот, низ остварување на планираните активности на НАТО и ЕУ во процесот на оспособување на персоналот, унифицирање на обуката, вежбовни активности, координирани задачи и ефикасно делување на институциите на власта. Второ, интензивирање на соработка на институциите во борбата против тероризмот, со остварување на концептот за поддршка на воените мисии и активностите за борба против тероризмот од страна на цивилните општествени структури. Несомнено значајни треба да бидат подготовките и развојот на одбранбените и безбедносните капацитети на Република Македонија за учеството во мировни мисии надвор од територијата на земјата. Трето, потребно е масовно вклучување и обучување на персонал за борба против тероризмот, дури и координирано учество и активности помеѓу безбедносните агенции и јавниот и приватниот сектор. Сè повеќе информации врзани за активностите на тероризмот се користат од страна на неповикани лица вработени во приватни фирми, јавни претпријатија, здруженија на граѓани, бизнис елити и слично.

Развивањето на креативните пристапи кон остварување на домашната безбедност и одбрана лежи во успешноста на државните органи за искористување на информациите на граѓаните.

Заради тоа, потребно е да се започне со проекти за доближување на проблематиката од делокругот на персоналната, административната, информатичката, физичката и индустриската безбедност до секој човек со можност за нивна целосна примена. Покрај тоа, неопходно е да се обезбеди заштита на лицата кои отстапуваат информации сврзани со тероризмот, организираниот криминал, финансирањето на сомнителните активности и слично; нивна лична сигурнот, конспиративност, место и начин каде информацијата можат да ја дадат, па сè до наградување за тоа. Борбата против тероризмот бара проактивно мислење кое вклучува соработка меѓу јавниот и приватниот сектор, блиска соработка помеѓу релевантните политички одлучувачки фактори, институциите на законодавната и извршната власт која треба да доведе до изготвување и имплементација на успешна стратегија. Од друга страна, потребна е и специјализација на персоналот и обука на оние кои се инволвирани во борбата против глобалниот тероризам, поделба на ресурсите и зајакнување на регионалната и на меѓународната соработка.

м-р Џевад Кицара



# Сајбер-тероризмот и енергетската безбедност

Денешните современи општества и економии во голема мера зависат од непрекинат проток на енергија. Затоа и заканата од сајбер-тероризам на критичните енергетски инфраструктури заслужува сеопфатна процена. Во тој контекст оваа статија ги истражува потенцијалните закани на критичните енергетски инфраструктури кои го опслужуват регионот на Блискиот Исток и Северна Африка. Во денешното време на користење на интернетот, нештата сè повеќе се меѓусебно поврзани и меѓусебно зависни. Се проценува дека во 1984 година околу 1.000 уреди биле поврзани на интернет а во 2012 година, а тој број нарасанал на околу 17 милијарди уреди. Компанијата за технолошки истражувања „Гартнер АД“ предвидува дека до 2020 година тој број ќе биде меѓу 2020 и 50 милијарди поврзани уреди. Според истражувачката организација Bloomberg New Energy Finance, дигитализацијата во енергетскиот сектор би можела да стане пазар од 64 милијарди долари до 2025 година.

Сајбер-нападите негативно влијаат врз секојдневниот живот и предизвикуваат трајно оштетување. Тие можат да предизвикаат значителна штета на финансиите на енергетската компанија и на економијата на целните земји. Бројот на сајбер-инциденти насочени кон енергетската инфраструктура значително се зголеми во последниве години





Покрај овие огромни инвестиции, јасно е дека дигиталната трансформација на енергетските системи, вклучувајќи ги паметните метри, системите за управување со енергијата, автоматизираната побарувачка на одговори и паметни мрежи, им дава на луѓето пристап до сигурна и прифатлива енергија (која може да се дозволи). Сепак, секој дигитален систем има своја слаба точка. Така на пример, вирусот Stuxnet е очигледно дизајниран и употребен за напад на иранската нуклеарна централа во Бушер во 2010 година, иако не е забележана посериозна штета.

Енергетските инфраструктури веќе долго време се атрактивни цели за терористички групи. Во последниве децении, терористите покажуваат интерес за таргетирање на нафтените и гасните објекти со две главни цели: поткопување на стабилноста на режимите со кои се борат и економско ослабување на странските сили со засегнати интереси во регионот. Поради нивната ранливост кон физички напади, енергетските цевководи се сметаат за меки цели кои нудат стратешки предности за терористите. Сепак, како што беше забележано за време на сајбер-нападот на Украина во декември 2015 година, што резултираше со речиси национално затемнување, бранењето од физички напади е ограничен и недоволен пристап. Сајбер-нападите негативно влијаат врз секојдневниот живот и предизвикуваат трајно оштетување. Тие можат да предизвикаат значителна штета на финансиите на

Според американската Агенција за национална безбедност, 41 отсто од сајбер-нападите се насочени кон енергетски претпријатија, особено нафтата и гасот. Во однос на растечката и софистицирана закана ширум светот се прават поголеми напори од креаторите на политиката и регулаторите да се справат/борат против нападите



енергетската компанија и на економијата на целните земји. Бројот на сајбер-инциденти насочени кон енергетската инфраструктура значително се зголеми во последниве години. Според американската Агенција за национална безбедност, 41 отсто од сајбер-нападите се насочени кон енергетски претпријатија, особено нафтата и гасот. Во однос на растечката и софистицирана закана ширум светот се прават поголеми напори од креаторите на политиката и регулаторите да се справат/борат против нападите. На пример, САД неодамна формираа  Канцеларијата за сајбер-безбедност, енергетска безбедност и одговор при катастрофи. Освен тоа, според тимот за одговор при катастрофи во САД, во однос на сајбер-безбедоста, енергетските, владините капацитети, транспортот и секторите за отпадни води, се оценуваат многу почесто отколку другите сектори, односно околу 75 проценти од сите процени се во овој домен.

## Ранливоста на системите за контрола

Традиционално, компаниите кои работат во секторите на критични услуги (енергија, финансии, здравство) се загрижени да ги заштитат нивните критични и доверливи податоци за деловните клиенти или за одбрана од активности поврзани со сајбер-шпионажа. Меѓутоа, уште една клучна точка беше игнорирана премногу долго. Тоа е безбедноста на системите за индустриска контрола (ICS). Овие системи се составен дел на енергија/напојување, нафта, вода и транспортни системи, кои обезбедуваат контрола врз безбедното исклучување на овие објекти. Најпознати системи на ICS се: DCS (дистрибуирани контролни системи), PLC (програмабилен логички контролер) и SCADA (супервизорска контрола и стекнување/прибирање на податоци). Тие ги следат и контролираат физичките процеси во реално време. Сепак, тие не се дизајнирани за да обезбедат сигурност/безбедност, а последиците би можеле да бидат катастрофални ако една терористичка група ја преземе контролата врз системот. Имено, тие би го контролирале и командувале системот, со што би станале закана за регионалната и националната безбедност. Експертите ја известуваат енергетската индустрија и владите за значајната разлика помеѓу безбедносните филозофии на општа информатичка технологија (ИТ) и безбедносните рамки на индустриска контрола (ICS). Додека, општо земено,



Според извештајот на Џејмс А. Луис објавен од Центарот за стратешки и меѓународни студии, новата литература за дефинирање и регулирање на сајбер-тероризмот најчесто претпоставува дека ранливоста на компјутерските мрежи и слабостите на критичните инфраструктури се исти и ја ставаат националната безбедност на значителен ризик

ИТ-офицерите се обидуваат да ги бранат податоците што живеат во нивните сервери од сајбер-напади, целта на безбедноста на ICS е да ја заштити способноста на објектот да работи во безбедна и сигурна средина. Покрај тоа, системите имаат различни дизајни и се управуваат од различни тимови и професионалци од различни средини. И покрај прогресивните подобрувања на безбедноста во ИТ, има неколку технологии за компјутерска безбедност специфични за ICS, програмите за обука и политики.
Според извештајот на Џејмс А. Луис објавен од Центарот за стратешки и меѓународни студии, новата литература за дефинирање и регулирање на сајбер-тероризмот најчесто претпоставува дека ранливоста на компјутерските мрежи и слабостите на критичните инфраструктури се исти и ја ставаат националната безбедност на значителен ризик. Контекстот треба да се земе предвид кога се прави разлика помеѓу сајбер-тероризмот и сајбер-криминалот, иако слични техники, тактики и процедури може да бидат користени од страна на напаѓачите. Некои експерти тврдат дека тероризмот треба да се дискутира само кога е предизвикана физичка штета, а сторителите се мотивирани од политика или идеологија. Сепак, постојат различни нијанси и варијации на овој концепт, бидејќи пристапот кој е неприфатлив не може целосно да ги опфати сите сценарија опфатени под чадорот на сајбер-тероризмот. Канцеларијата на ОН за дрога и криминал опишува три главни начини на кои терористите можат да користат компјутерски системи: индиректна поддршка на група, оперативна поддршка на терористички активности и системи за таргетирање за уништување и нарушување. Во такви сценарија, насочувањето на која било енергетска инфраструктура за нарушување или уништување од страна на сајбер-оружјето ќе има катастрофални последици.
Кога се разгледуваат сценарија за сајбер-војување и сајбер-тероризам на површината испливуваат две важни прашања. Првото е дали во блиска иднина треба да очекуваме чин на сајбер-терор против националните критични инфраструктури, а второто е дали е можно да се процени ризикот од сајбер-тероризмот. Експертите имаат различни и главно песимистички мислења за блиска иднина. Конечно, „Индексот на глобалниот тероризам 2017“, објавен од страна на Институтот за економија и мир, покажа дека тероризмот „им нуди на терористичките групи поголема стратешка и оперативна слобода и нови видови на напади без водачи/лидери“. Во иднина, софистицирани форми на технологија, ИОТ (интернет на нештата) самовозење автомобили и паметни градови ќе создадат уште поголеми сајбер-пропусти кои терористите можат да ги искористат . Врз основа на овие изјави и со оглед на изобилството на реални сценарија, разумно е да се предвиди дека енергетските инфраструктури би можеле да бидат нападнати со сајбер-оружје на политички или идеолошки мотивиран начин со цел да се предизвика масовно физичко оштетување. Но, како може да се проценат ризиците од сајбер-тероризмот за да се преземат соодветни контрамерки? Рамката за управување со ризици развиена од „Rand Corp.“ може да помогне да се дефинира ризикот врз основа на интеракцијата на трите променливи: закана, ранливост и последици. Дури и во таа рамка, останува тешко со сигурност да се проценат ризиците од сајбер-тероризмот, особено оние ризици поврзани со енергетските инфраструктури. И покрај тоа што терористичките групи денес се ограничени на промовирање на едноставни сајбер-напади и искористување на постоечките слабости, според списанието „Infos-ecurity“, идниот сајбер-тероризам може да се манифестира со примена на офанзивни тактики за да се оштети системот за индустриска контрола (ICS) и да придонесе за ширење страв, што



може да го загрози интегритетот на критичните енергетски инфраструктури, да ја поткопа вербата на јавноста во владата и во безбедноста на клучната инфраструктура на нацијата/државата. Со оглед на меѓузависноста на критичните енергетски инфраструктури (освен нуклеарната) – цевководи, дистрибутивни/преносни линии и производствени капацитети, заканата добива меѓународен карактер, што може да изискува потреба од регионална соработка и истовремен одговор. Со прекуграничните линии за пренос на електрична енергија, нафтоводите што поминуваат низ границите во соседните земји и се управувани од бројни компании, добро насочениот сајбер-напад, би можеле да влијаат врз многу земји и актери. Во таков случај, земјата која нема домашни енергетски ресурси ќе се грижи да ги обезбеди и да ги одржува своите енергетски резерви (за задоволување на домашната побарувачка), за разлика од земјата која има резерви на енергија и ќе се плаши од губење на профит и кредибилитет во очите на инвеститорите и на клиентите. Блискиот Исток и регионот на Северна Африка се особено важни за светската економија поради големите количини на нафта и гас што течат од и преку нив. Главната загриженост е што регионот сé уште страда од традиционалните акти на тероризам. На пример, терористичкиот напад од висок профил во 2013 година на објектот за производство на гас во близина на Аменос, Алжир, резултираше со човечки жртви и нарушување на производството. Истото сценарио може да се предвиди и за успешен сајбер-напад кој би можел да го оштети производството на енергија во земјата и да го загрози снабдувањето на потрошувачите низ целиот регион. Кои би биле последиците




од инцидентот од сајбер-тероризам на регионалните нафтоводи? На пример, напад кој влијае на маршутите на гасоводот од земја-производител како Алжир до земјите што трошат енергија, како што се Шпанија и Италија, би ги загрозила енергетската безбедност на четири аспекти: пристапност, достапност, достапност и прифатливост. Со други зборови, ваквиот голем и добро планиран напад би ја нарушил регионалната енергетска сигурност и би влијаел на снабдувањето со нафта или гас за производителите и потрошувачите. Сајбер-тероризмот може да ја поткопа околината која е поволна за инвеститорите во земјата и да ја оштети нејзината репутација на безбеден и сигурен трговски партнер. Покрај тоа, ваквите напади ќе носат дипломатски, економски и социјални трошоци. Исто така, сигурно и дека работењето во средина со висок ризик ги обесхрабрува и приватните компании. Затоа, додека традиционалното сајбер-оружје, како што се основните вируси и црви, продолжуваат да се употребуваат, но и другите сајбер-закани кои во денешно време се применуваат, ќе претставуваат постојани и поголеми закани.

Дефинирањето на општоприфатен пристап кон сајбер-тероризмот може да биде најважниот чекор во борбата против овој вид закана. Покрај индивидуалните напори на компаниите или државите, еден меѓународен и координиран одговор ќе ги зајакне мултинационалните истраги, ќе доведе до размена на информации и мониторинг. Конечно, како што се наведува во текстот на Кодексот за соработка на кооперативната сајбер-одбрана на Центарот за извонредност, треба да се одржат меѓународни вежби за противнапад за да се подобри способноста на секоја нација/држава да го порази сајбер-тероризмот.

м-р Билјана Поповска

*(адаптирано од Ayhan Gücüy-ener, истражувач, НАТО-центар за извонредност за енергетска безбедност Per Concordiam Volume 8 бр. 4, 2018 година)*





# Историја на конфликтите во Ирак

В о периодот пред и после Втората светска војна (1941-45) година, Британците продолжуваат да имаат силно воено-политичко влијание во земјата. Британија обезбедува концесија за експлоатација на нафта на ирачката нафтена компанија (Iraq Petroleum Company), која претставува конгломерат на британските, француските и американските интереси. Кралот Фаизал I починал во 1933 година, но режимот на чело со кралот Фаизал II продолжува да ги следи британските интереси. Во текот на 1955 година се потпишува Багдадскиот пакт, кој во суштина претставува договор за колективна регионална безбедност на Ирак од страна на Британија. Воена револуција го симнува од власт кралот Фаизал II на 14 јули 1958 година, а на власт доаѓа левичарски националистички режим под водство на полковникот Абд ал-Карим Касем (Abd al-Karim Kassem). Ирак се повлече од Багдадскиот пакт во 1959 година. Касем бил убиен во 1963 година. Резултатот бил крвавиот и насилен батистички арапски националистички режим под водство на полковникот Абд ас-Салем Мухамед Ареф (Abd as-Salem Muhammed Aref), кој беше наследен од неговиот брат, Абд ар-Рахман Мухамед Ареф (Abd ar-Rahman

> Територијата на денешен Ирак во минатото била една од трите поранешни провинции на Османлиската Империја. Во 1920 година со мандат на Лигата на народите станува британска колонија, под раководство на кралот Фаизал, синот на Шериф Хусеин од Мека. За ова бил потпишан договор помеѓу Ирак и Британија. На 03.10.1932 година мандатот на Британија завршува и Ирак станува независна држава

Muhammed Aref) во 1966 година. Темелите на современото политичко владеење во Ирак беа поставени со одземањето на власта од Социјалистичката партија (Баат) на Арапската ренесанса (Ba'ath) на 17 јули 1968 година. Генерал-мајор Ахмад Хасан ал-Бакр (Ahmad Hassan al-Bakr) стана претседател и премиер на Ирак, а негов заменик беше Садам Хусеин. За време на нивното владеење се преземаа бројни социјални и економски реформи со цел да се зголеми нивната популарност. Ирачката нафтена компанија беше под целосна контрола на власта и по Арапско-израелската војна во текот на 1972/74 година во континуитет ја зголемуваше цената на нафтата. Во март 1970 година беше постигнат договор помеѓу Владата и Курдската демократска партија (КДП) околу формирањето на автономна Курдска област. Сепак, брзо стана јасно дека ветувањата направени во овој Мартовски манифест нема да бидат исполнети. Пролетта 1974 година избувна конфликт меѓу Курдите и владините вооружени сили. Курдите беа поддржани од страна на шахот од Иран, кој беше загрижен за тоа што го сметаше за советско влијание врз ирачкиот режим. Јорданската интервенција доведе до потпишување на Алжирскиот договор меѓу Иран и Ирак во март 1975 година. Иран ја затвори границата со Ирак, што доведе до колапс на курдските воени сили. Курдскиот отпор беше насилно потиснат, селата беа уништени и нивните жители се преселија во специјално изградени села опкружени со бодликава жица и утврдени позиции.

Економскиот развој во доцните 1970-ти години доведе до истовремен раст на политичка сила. Партијата Баат го губи



нејзиното политичко влијание и моќ. Политиката моќ сè повеќе се концентрира во рацете на Садам Хусеин и неговите политички поддржувачи. Државата сè повеќе станува инструмент на државата. Во јули 1978 година е донесен декрет кој ја направи секоја батистичка политичка активност незаконска и членството во која било друга политичка партија се казнувало со смрт за сите членови или поранешни припадници на вооружените сили. Претседателот Ахмад Хасан ал-Бакр ја објави својата оставка и предавањето на власта на Садам Хусеин на 16 јули 1979 година. Огромните приходи од нафта му овозможија на Садам да потроши големи суми за економски развој на државата и на животниот стандард на граѓаните. Садам Хусеин се концентрирал на создавање на култ на личност, така што портрети и статуи од него биле изградени низ целата земја. Во овој период беше формирана и Републиканската гарда, односно елитни претседателски безбедносни сили.

Односите со Иран сериозно се влошија во периодот на Иранската револуција од 1979 година. Прекуграничните инциденти во кои Ирак го напаѓаше Иран резултираа со објавување на војна на 22 септември 1980 година. Ирак беше поддржан од арапските соседи: Саудиска Арабија и Кувајт, како и од САД, Советскиот Сојуз и Франција. Советот за безбедност на ОН ја усвои Резолуцијата 598 од 20.07.1987 година, повикувајќи на прекин на војната. Иран не го прифати ова и пролетта 1988 година започна понатамошни напади врз северен Ирак. Ирачките воздухопловни сили реагираа со отровен гас, предизвикувајќи 5.000 цивилни жртви во курдскиот дел на северен Ирак. Иран конечно се согласи на прекин на огнот во јули 1988 година. Иранско-ирачката војна резултира со околу 400.000 смртни случаи (приближно 1/4 ирачки и 3/4 ирански), а околу 750.000 луѓе беа повредени. Покрај големите надворешни долгови и оштетената инфраструктура, ирачкиот режим, всушност, беше засилен во војната со Иран. Воеnoто производство значително се зголеми, како и бројноста на армијата која достигна околу еден милион. Сето ова придонесе до консолидирање на власта на Садам Хусеин. Кон крајот на 1980-тите години Ирак доживува голема економска криза, главно предизвикана од погрешни економски реформи. Околу 5 милијарди долари годишно биле трошени за воени проекти за модернизација на вооружувањето. Инфлацијата и трошоците за живот драстично се зголемиле. Односите на Ирак со соседите се влошуваат, особено кога Садам барал да го присвои нафтеното поле Румила. На 2 август 1990 година Ирак го нападна Кувајт, а на 8 август објави анексија на Кувајт. Советот за безбедност на ОН брзо усвои серија резолуции со кои ги осудуваат ирачките акции. Ирак во оваа војна не добива поддршка од ниту една странска држава. Од друга страна, Саудиска Арабија, Египет, Сирија, Мароко, Велика Британија, Франција, Пакистан, Бангладеш и САД се собираат во Саудиска Арабија за поддршка на Кувајт. Советот за безбедност на ОН ја усвои Резолуцијата 678, одобрувајќи ги воените сили да се користат против Ирак во ноември 1990 година. На 17 јануари 1991 година, сојузничките сили започнаа воздушна кампања против Ирак. Ирач-

Официјалниот јазик во Ирак е арапскиот јазик, кој го говорат преку 80% од популацијата. Нешто повеќе од 15% од населението покрај официјалниот јазик говорат: курдски, ерменски и персиски јазик. Речиси 95% од населението се Суни и Шиити муслимани. Останатиот дел од населението се христијани и јазиди. Шиите се околу 50% од вкупното население и највеќе живеат во јужниот, додека Сунитите највеќе ги има во централниот, западниот и северниот дел на Ирак









ката армија капитулираше на 24.02.1991 година. САД објави прекин на огнот на 28 февруари 1991 година и Заливската војна заврши. Во 2003 година, мултинационалната коалиција што ја сочинуваа САД, Велика Британија и коалициските сили на НАТО, го соборија режимот на Садам Хусеин и беше инсталирана нова влада. Набргу потоа, насилството и критиките на владата и нејзината странска поддршка ескалираа во обновен вооружен конфликт, во кој беа вклучени голем број опозициски групи. Претседателот Садам Хусеин беше симнат од власт на 09.04.2003 година, а со јавната пресуда за злосторства против човештвото беше јавно егзекутиран на 30.12.2006 година. Како и во повеќето арапски земји во 2011 година, протести се одржаа на неколку места во Ирак. Сепак, тие беа релативно мали и главно се фокусираа на корупцијата и на недостаток на електрична енергија. Голем број луѓе беа убиени додека безбедносните сили се судрија со демонстрантите. Во април 2013 година, лидерот на ИСИС, Абу Бакир Ал-Багдади, објави дека ќе воспостават целосна контрола и окупација на североисточниот и западниот дел на Ирак и Авганистан и дека ќе ја формираат таканаречената Исламска држава на Ирак и Сирија. Со ескалација на насилствата во 2014 година, ИСИС окупира големи територии, вклучувајќи го и вториот по големина град во Ирак, Мосул, така што НАТО-коалициските сили немаа избор освен да започнат воздушни напади врз цели на ИСИС во Ирак и во Сирија. Во текот на втората половина на 2014 година, САД, Австралија, Велика Британија, Франција, Белгија, Канада, Данска и Холандија спроведоа воздушни напади против цели на ИСИС и со тоа дадоа активна поддршка на ирачката влада. Воздушните напади продолжија и во текот на 2015 година. Повеќето од овие земји обезбедија поддршка во форма на советници и програми за обука за ирачката армија. Исто така дадоа економска поддршка и воена опрема. Иран ја поддржа ирачката влада со воена опрема, советници и изврши воздушна контрола над Ирак. САД, заедно со Саудиска Арабија, Јордан, Бахреин и Обединетите Арапски Емирати, исто така спроведоа воздушни напади против ИСИС на сириска територија.

Конфликтот меѓу владата на Ирак и ИСИС продолжи со истото темпо во 2016 година, а коалицијата предводена од САД продолжи да врши воздушни напади врз цели на ИСИС во Ирак и во Сирија. Илјадници луѓе беа убиени во судирите меѓу владините сили и ИСИС. Во текот на 2016 година е изгубена контрола на клучните градови и области. Конфликтот меѓу Владата на Ирак и ИСИС ескалираше во 2014 година. Илјадници луѓе беа убиени, бидејќи ИСИС спроведе големи напади и запоседна повеќе области во Ирак и во

> Веднаш по Заливската војна, ОН почнаа да ја спроведуваат својата програма за уништување на ирачкото оружје за масовно уништување. Инспекциските тимови за оружје беа формирани за да вршат редовни посети во Ирак со цел да видат дали се во согласност со условите на резолуциите за прекин на огнот на ОН

Сирија, вклучувајќи го вториот по големина град во Ирак, Мосул. ИСИС истата година презеде контрола и врз неколку градови и области во провинцијата Анбар, во која преовладува сунитско население. Интензивните борби меѓу борците на ИСИС и ирачките војници се случија во Фалуџа и Рамади каде беше убиено цивилно население. По заземањето на неколку градови, вклучувајќи ги Мосул и Синџар во северен Ирак, стотици илјади цивили избегаа од овие области. Во исто време, голем број луѓе беа заробени. Многу мажи и момчиња беа убиени, а многу жени и девојки подоцна беа продадени како робинки. Конфликтот продолжи со несмалено темпо во 2015 година, при што илјадници луѓе беа убиени, бидејќи ИСИС изврши големи напади и се судри со безбедносните сили и курдската Пешмерги. Тешки судири се водеа во Рамади во провинцијата Анбар. Градот беше заробен во мај 2016 година и остана во





На 18 декември 2011 година, САД ги повлекуваат своите војници од Ирак со мисијата „Операција нова зора“. Американските официјални претставници преговараа со ирачката влада за одржување на мало воено присуство во Ирак, но таков договор не беше постигнат поради одредени правни регулативи. Сепак, до крајот на 2011 година, во Ирак останаа околу 150 војници задолжени за обука во американската амбасада и мала група на маринци задолжени за заштита на високи дипломати

целосна контрола до декември истата година, кога владините сили заземаа дел од градот. Во декември 2017 година, ирачката влада прогласи победа над ИСИС во Ирак. Голем број вооружени групи во Ирак, исто така, се активни во недржавни конфликти едни против други од 2002 година. Овие конфликти вклучуваат судири помеѓу позициски и опозициски групи во владата, како и локално спротивставени групи. Офанзивните дејства во Мосул започнаа во октомври 2016 и траеја до првата половина на 2017 година. Иљадници цивили беа убиени во судирите помеѓу ИСИС и владините сили поддржани од Народните мобилизациски сили (PMF) или таканаречени Пешмерага сили (Peshmerga forces) и воздушните напади од коалициските сили на НАТО. Ирачкиот премиер Абади конечно на 10.07.2017 година презема целосна владина контрола над Мосул. Кон крајот на декември 2017 година владините сили воспоставуваат целосна контрола на територијата на Ирак и успеваат скоро целосно да ги неутрализираат областите запоседнати од ИСИС во Ирак.



Од почетокот на мисијата на НАТО против ИСИС во 2014 година, извршени се над 13.331 воздушен напад на цели на ИСИС, околу 2 милиони лица се раселени, а моменталниот број на американски војници во Ирак се движи околу 5200.

Сумирајќи ги резултатите од операцијата на НАТО „Слобода за Ирак“ (Iraq Freedom) во период од 2003-2018 година, загинале вкупно 204.331 цивил, од кои најмногу во 2006 година, 29.517 лица и во 2014 година 20.218 лица. Бројот на загинати американски војници за периодот 2003-2018 година изнесува 4 541 војник, со тоа што ако се сумира вкупната бројка на сите коалициони сили на НАТО, таа изнесува најмалку 10 пати повеќе. Точниот број на загинати и повредени цивили и војници во воената операција на НАТО во борба против ИСИС не сме во можност прецизно да ја утврдиме. Бројот на повредени од 2014/17 година за секоја година е различен и се движи од 13.187 лица во 2017 година до 20.218 лица за 2014 година. Сумирајќи ги крајните резултати доаѓаме до заклучок дека во мисијата на НАТО „Слобода за Ирак“ и мисијата на НАТО за борба против ИСИС, досега загинале над половина милион цивили и над 100.000 војници.

На овие бројки треба да се додадат и по 20% неофицијални податоци кои не се документирани за загинати или исчезнати цивили и војници.

Мултинационалната воена операција на НАТО за борба против ИСИС во 2017/18 година, создаде невиден бегалски бран на Ирачани кои изнесуваше над 3,2 милиони, од кои 1 милион од Курдскиот регион на Ирак. Премиерот Хаидер ал-Абади тврдеше дека со оваа воена операција ирачките безбедносни сили, поддржани од коалициските сили на НАТО, успеаја да ги сузбијат упориштата на ИСИС во Ирак и се на добар пат да ги протераат од државата еднаш засекогаш. По барање на ирачката влада, НАТО после самитот во Брисел 11/12.07.2018 година спроведува нова невоена мисија во Ирак. Оваа мисија се фокусира на изградба на капацитети, обука и асистенција на ирачките безбедносни сили. Тимовите на НАТО ќе го обучуваат и ќе го советуваат Министерството за одбрана и националните безбедносни советници на Ирак преку свои инструктори и концептот „обучи го обучувачот“ во воените училишта и академии. Во оваа обука се вклучени неколку стотини лица и со неа ќе се изгради ефективна и долгорочно одржлива одбрана, со цел ирачките воени сили да можат успешно и ефикасно да се справат со внатрешните кризи, конфликти и тероризмот, како на национално ниво во рамките на државата така и на регионално и на глобално ниво.

д-р Андреј Илиев



# Убав амбиент и добра соработка

Развиорени знамиња, искрено ракоплескање, љубопитни погледи, срамежливи прашања. Речиси секогаш е ваква сликата кога најмладите од кумановската градинка „Ангел Шајче“ ќе ја посетат касарната „Боро Менков“, најчесто при одбележување на значајните датуми за македонската армија и касарната. Од друга страна, припадниците на Армијата, колку и да се обидуваат да изгледаат сериозно, не можат а да не се насмеат додека ги следат настапите на децата од кумановската градинка. Така беше и неодамна во октомври кога касарната го одбележа патрониот празник. Особено интересно е кога најмладите ги опсипуваат со безброј прашања припадниците на Армијата при разгледување на дел од опремата и вооружувањето со кое располага Армијата.



Касарните на нашата армија се вториот дом на припадниците на АРМ. Во нив тие го поминуваат поголемиот дел од денот, се работи, се завршуваат задачите, се подготвуваат за мисии и вежби, но и се организираат прослави, настани по повод значајните датуми на државата и на АРМ. Припадниците на локалната заедница се секогаш добредојдени на заедничките прослави, но и во обичните денови за посета. Кумановската касарна е еден таков пример за убаво среден амбиент, добро организирана инфраструктура, средени зелени површини, места за одмор и рекреација во слободното време и добра соработка и заемна поддршка со локалната заедница





Од најмлади до највозрасни, граѓаните на Куманово и соседните општини Липково и Старо Нагоричане се добредојдени во кумановската касарна „Боро Менков“, што се покажува преку нивното присуство на одбележување на значајните датуми кои ги организира касарната во текот на годината. Децата од градинката „Ангел Шајче“, учениците од средните училишта, граѓаните, ја посетуваат касарната и се дел од одбележувањето на свечености, како што е одбележување на патронати и на Денот на АРМ.
Учениците од кумановската гимназија „Гоце Делчев“ со рецитали и песни ја надополнуваат прославата на патронатите. Ова покажува колку кумановската касарна е подготвена за соработка со институциите и установите од локалните заедници каде што се сместени касарните. Најмладите и учениците на овој начин се стекнуваат со знаења за нашата историја, за придонесот на Армијата во градењето на државата, се учат на почит кон минатото.
Соработката на кумановската касарна со претставниците на бизнис заедницата и јавните претпријатија и установи е исто така на високо ниво, оценуваат од општините, чиишто претставници без исклучок се присутни на одбележувањата на празниците и на други армиски свечености.
Касарната е мошне уредена, што може да се забележи при првата посета. И не станува збор за речиси беспрекорната чистота, туку и за хортикултурното уредување кое ја надополнува сликата дека припадниците на Армијата посветуваат огромно внимание и грижа и за тревата и за цвеќето. Раскошните крошни на дрвјата се одржуваат. Тука се и летните куќички, надополнети со фонтана, места наменети за одржување работни состаноци, кафе паузи во пријатна атмосфера.
Она што посебно се издвојува во кумановската касарна е етно-собата која ја уредиле припадниците на касарната. Парче историја, надополнето со етно-елементи од Кумановскиот крај. На ѕидовите се поставени носии, машка носија, донација од кумановското културно-уметничко друштво „Бајрам Шабани“ и женска мијачка носија, богато декорирана со карактеристичниот алов и кинат вез. Носиите кои ја отсликуваат имагинацијата на нашите предци се надополнети со покуќнина од поблиското минато, чајници, ѓезвиња, шолји за кафе, кои за момент ве враќаат во минатото од почетокот на дваесеттиот век. Рачно плетените милиња ја покажуваат умешноста на жените од овој крај. Во собата има камин рачно изработен од тули, од припадниците на касарната .
Амбиентот на кумановската касарна придонесува гостите од различни установи и институции да се чувствуваат добредојдено, што е една од целите на Армијата, добра соработка со граѓаните од локалните заедници во зоната од одговорност.



Александра Максимовска



# „Баталјон“

Русија, 1917 година. Европа гори во непредвидливоста на третата година од големата војна чиј крај не е на повидок. Руските војници се уморни од повеќегодишниот престој на фронтот. Како да се заборавени таму. Во земјата тлее жарче на нова опасност – р’ти семето на граѓанската војна како што се двои народот на оваа голема империја – едни сакаат Русија да излезе од војната, а други се решени до крај да се борат со Германците и за својата татковина. Оние на фронтот се чини дека се први кои сакаат излез од бесмислената војна, мечтаат за повврат во своите домови. Војската е деморализирана, ослабната, летаргична и непослушна. Борбениот дух е мртов, дезертерството е секојдневие. Пропагандистичката наклонетост на Русија во решавање на внатрешните проблеми, историски гледано, не е нешто непознато, па така и овојпат, последниот обид да се крене волјата на војниците ја следи линијата на познатата практика – формирање на женски баталјон кој ќе биде испратен на фронтот со цел да го врати духот на војниците и да внесе нова енергија на првата линија, или барем, во најмала рака, да ги посрамоти. Женскиот баталјон наместо да има мотивирачка улога, покажува резултат над сите очекувања – оваа група на храбри жени станува моќна и смртоносна сила на фронтот. Но, за жал, овие храбри жени се сретнуваат со два фронта на кои треба да војуваат истовремено, едниот е оној каде стојат спротивно од Германците, а другиот, подеднакво опасен и страшен, е против нивните соборци-мажи кои не сметаат дека местото на жената е таму.

## Баталјон на смртта

Филмот „Баталјон“ е екранизирање на вистинска приказна, една епопеја на оваа воена единица предводена од Марија Бочкарева и е одлична слика на позицијата и проблемите со кои се соочува жената во време на војна, но претставува и оддавање почит и сеќавање на првата жена-офицер во руската воена историја. Иако во 1917 година биле формирани повеќе женски баталјони во Москва и во Санкт Петербург, само два од нив го виделе фронтот, а само еден, оној на кој е посветен овој филм, го добива епитетот „баталјон на смртта“. Во него има жени со различни мотиви за нивното регрутирање – некои за да бидат поблиску до своите момчиња на бојното поле, други затоа што ги загубиле своите сакани во војната, па во чест на нивно сеќавање го продолжуваат нивниот пат, трети затоа што сакаат да ја штитат својата татковина по секоја цена, четврти за пари... Во него има грофици, домаќинки, оперски пејачки, но едно им









е заедничко, без оглед на позадината – патешествието низ кое ќе минат да станат вистински воинки – амазонки. Во филмот гледаме како во подготовките жените и девојките ја „губат“ својата женственост за да станат рамни на мажите: нивните коси се пресечени, личните предмети им се одземени, подложени се на ригорозни тренинзи за стекнување сила и вештини. Но, најтешкото од сѐ е психичката сила која треба да ја стекнат и да ја изградат, да не тагуваат по своите мајки, сестри, кариери и соништа кои ги имале – нивната единствена реалност и дом е сега војската и овој баталјон. Но, која е Марија Бочкарева, жената која ќе ги обедини овие храбри девојки? Со само 27 години, таа е првата жена која раководела со воена единица и првата жена-офицер во Русија. Избегана од дома и од насилниот сопруг, со историја на жртва на семејно насилство речиси цел нејзин живот, решава да преземе контрола врз сопствената судбина и да се приклучи на војската, со одобрение лично од царот. А, во војската ситуацијата не е многу поинаква – повторно ја дочекува сексуално и физичко насилство, но нејзиното докажување како силен и вистински војник, го менува и односот на другите војници кон неа, а ја закитува и со неколку медали и признанија. Недостатокот на поддршка почнува да исчезнува. Бестрашна, доминантна, агресивна и силна жена која спасила преку 50 повредени војници – таа е новата слика која ја проектира. Бочкарова брзо стекнува интернационална слава и прераснува во икона. Околу 2000 жени претендирале да бидат дел од нејзината единица, но нејзината ригорозна селекција ја сведува оваа бројка на само 300 избрани жени. „Таа беше убедена дека единствениот начин да ги претвори тие жени во војници е да им ја избрише секоја трага на женственост. Таа ги избричи нивните глави, им забрани да користат четки за заби. Бараше да плукаат и да пцујат и колку повеќе можат да се однесуваат како мажи“, ќе речат за неа и нејзината методологија.



## Жените во војната

Учеството на жените во војните низ историјата е неспорно, но нивната улога била засенета од диверзитетот на нивните ангажмани кои често биле во сенка на војниците. Жените најчесто се појавувале во улога на медицински сестри кои ги лекувале повредените и тоа бил нивниот најблизок контакт со фронтот. Во Првата светска војна, жената има важна улога во продукцијата на оружје за домашната војска, и тоа е случај во речиси сите земји, па ги гледаме во улога на работнички во фабриките за муниција, сѐ додека бројот на жени-војници не почне да станува забележителен. Сепак, малку од нив ја добиваат славата која ја заслужуваат, а нивните заложби, иако големи и неспорни, остануваат некако затскриени и изоставени во историските документи. Марија Бочкарова, иако важна фигура од епохата на големата војна и источниот фронт, на пример, магазинот „Њујорк тајмс“ дури оваа година објавува задоцнет некролог за неа, насловен како „Веќе никогаш занемарена“.

Фокусот на „Баталјон“ осцилира околу женската фигура, нејзините морални, внатрешни битки, половата еднаквост, односно сите елементи кои се вртат околу жената-воин. Филмот е синтеза на извонредни кадри кои имаат високо ниво на естетика. Секој кадар е речиси совршено компониран, но тоа не е изненадување доколку се присетиме на сите ремек-дела од советската кинематографија и деталноста со која се направени. Критериумите и стандардите, како и естетиката на руската филмска школа се отсекогаш позиционирани високо. Доколку го знаеме фактот дека Фјодор Бондарчук има истурено од своите „зачини“ во „Баталјон“, ни станува уште појасно што можеме квалитативно да очекуваме. Со ваков сплет на фактори, односно, приказна која е интересна и не многу позната, со вешта актерска група и одлична визуелна презентација, не може а да не уживаме во целокупноста на филмот. Секако, не изостануваат признанијата за овој филм, ниту на домашната сцена, ниту, пак, на интернационалните фестивали, закитувајќи го со преку 20 значајни награди.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Dmitriy Meskhiev

**Сценарио:** Ilya Avramenko, Evgeniy Ayzikovich

**Улоги:** Lesya Andreeva, Mariya Antonova, Mariya Aronova, Nikolay Auzin, Margarita Bychkova

**Музика:** Yuriy Poteenko

**Кинематографија:** Ilya Averbakh

**Земја:** Русија

**Година:** 2015

**Времетраење:** 120 минути

**Награди:** Пет награди „Златен орел“ и уште четири други номинации, три награди „АРКІТ“ за најдобра актерка, шминка и монтажа, награда за најдобар режисер на фестивалот во Хонолулу и уште 15-тина други награди.



# Тиквешкото Езеро – омилено место за риболов и излет

Тиквешкото Езеро се наоѓа во јужниот дел од државата во кањонот на реката Црна и е оддалечено 12 км од Кавадарци. Се наоѓа на надморска височина од 165 м и има конусна форма, а се протега во правец север-југ. Тиквешкото Езеро по површина е најголемото вештачко езеро во Република Македонија. Езерото е настанато во 1968 година со преградување на кањонот на реката и со изградба на брана висока 104 m. Браната е изградена од нафрлан камен со глинено јадро чија должина изнесува 338 m. Водата од Тиквешкото Езеро се користи за наводнување и за добивање на електрична енергија. Наводнувањето се врши преку хидросистемот „Тиквеш“, а во близина на браната е подигната хидроцентралата „Тиквеш“. Температурата на Тиквешкото Езеро е 24 степени Целзиусови, што го прави поволно во летниот период за различни видови на спортови и за капење. Но, тоа не е единственото нешто кое може да се види во овој крај. Тиквешкото Езеро изобилува со флора и фауна, со најразлични видови на слатководни риби и птици. Најзастапени риби се: крап, сом, клен, костреш, па затоа е честа дестинација на љубителите на риболовот. Привлечни се и крупните грабливи птици, кои воедно спаѓаат во светски и европски реткости.

Тиквеш е подрачје каде се мешаат медитеранската, континенталната и планинската клима и е најголемо виногорје во Македонија и на Балканот. На крабрежјето на Тиквешкото Езеро се наоѓаат повеќе од 1.500 викенд куќи, а специфичнии и посебно атрактивни се оние до кои се патува со чамче.

На просторот на Тиквешкото Езеро постојат голем број на археолошки наоѓалишта, населби, манастири и споменици, кои сè уште не се истражени и претставуваат културно-историски богатства во нашата држава. Од поновиот период, односно од Втората светска војна, исто така има места кои одиграле заначајни улоги во НОБ. Од античкиот период на овој простор се откриени повеќе локалитети, како на пример Римските гробишта кај с. Клиново и населбата Црквиште. Од средновековните локалитети познати се: населбата Тиквеш, пештерската црква „Св. Лазара“, полошкиот манастир „Св. Ѓорѓи“, пештерската црква „Св. Марко“ и други.

Огромните сомови кои лежат на дното на езерото се исто така уште една причина Тиквешкото Езеро да стане туристичка атракција која ќе привлекува илјадници туристи од целиот свет.

Кристина Илиевска

# Убавините на Македонија















